ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME



Анализа на истражување на јавното мислење и јавни политики

-

# Родовите социоекономски влијанија на КОВИД-19 врз жените

Авторка: Петра Дуринова

-

јуни 2021

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

IDSCS

Центар за управување со промени

*Оваа публикација е изготвена во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), која е поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) преку Швајцарска Амбасада во Република Северна Македонија. ПСП се спроведува од Националниот демократски институт (НДИ), Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје (ИДСЦС) и Центарот за управување со промени (ЦУП). Содржината на публикацијата на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на СДЦ.*

# Содржина


**ВОВЕД** 5

Товарот на неплатената нега 5

Финансиски предизвици – скратено работно време, загубени работни места 6

Родовозасновано насилство 8

Состојбата со Ромките 8

Време/простор за жените да се ангажираат во раководството и процесот на одлучување во политиката 9

Општ преглед 10

Истражувачки цели 10

Хипотези 11

Состојбата во Северна Македонија 11

**АНКЕТА НА ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈЧИЊАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** 14

Резултати од анкетата 14

Загриженост за состојбата со КОВИД-19 15

Финансиски последици 15

Користење помош/финансиска мерка 18

Грижа за деца и постари лица/лица со попреченост 19

Здравствена заштита 20

Предизвици 21

**НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ ОД ДРУГИ ЗЕМЈИ – КОНКРЕТНИ МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА ЖЕНИ И ДЕВОЈЧИЊА** 24

Мерки за надоместок на доход 24

Родителски додаток и бенефиции за нега за време на пандемијата/усогласување на приватниот и на професионалниот живот за време на кризата 25

СОС парична помош за оние што не можат да побараат друга помош/пристап до делумна невработеност 27

Програма за надоместок за болест/слободни денови за лица што се болни 27

Мерки за да се опфатат и заштитат работничките во неформалниот сектор 28

Мерки за спречување на родовозаснованото насилство 28

Улогата на парламентите 30

**ПРЕПОРАКИ ЗА ПРОМЕНА НА ПОСТОЈНИТЕ ПОЛИТИКИ И ВОВЕДУВАЊЕ НОВИ ПОЛИТИКИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** 31

Препораки за усвојување мерки за надоместок на приходите 31

Препораки за олеснување на товарот на жените што се грижат за децата, семејството, постарите лица и домаќинството 31

СОС универзална парична помош за оние што не можат да побараат друга помош/пристап до помош за делумна невработеност 32

Програма за надоместок за болест/слободни денови за лица што се болни 33

Препорака за да се опфатат и заштитат жените-мигранти што работат во неформалниот сектор 33

Препораки за спречување на родовозаснованото насилство 33

**ЗАКЛУЧОК** 35

**БИБЛИОГРАФИЈА** 36

**АНЕКС 1: ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА ВРА ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈЧИЊАТА** 38

# Импресум

**Наслов:** Родовите социоекономски влијанија на КОВИД-19 врз жените

**Издавач:** Национален демократски институт

**Авторка:** Петра Дуринова

**Дизајн:** Дејан Кузмановски

**CIP - Каталогизација во публикација**
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

305-055.2:[616.98:578.834(497.7)(047.31)
305-055.2:316.334.2(497.7)(047.31)

ДУРИНОВА, Петра
Родовите социоекономски влијанија на Ковид-19 врз жените / авторка Петра Дуринова ; [превод од англиски јазик Наташа Колеќевска]. - Скопје : Национален демократски институт, 2021. - 120 стр. : илустр. ; 30 см

Превод на делото: Gendered socio-economic impacts of Covid-19 pandemic on women / author Petra Ďurinová. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 37-38. - Содржи и: Анекс 1: Истражување на влијанието на Ковид-19 пандемијата врз жените и девојчињата

ISBN 978-608-4921-09-7

а) Родови студии -- Социо-економски аспекти -- Ковид-19 -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 54333445

# Вовед

Неколку стручни написи и трудови се напишани за генерално погубните ефекти од пандемијата со КОВИД-19 врз социјалната и врз економската состојба на луѓето во светот. Меѓутоа, човековата популација не е хомогена група, па затоа може да се очекува дека социјалните и економските ефекти од оваа пандемија ќе имаат различни ефекти врз жените во споредба со мажите. Дополнително, различните вкрстени идентитети на жените, исто така, се фактор во диференцијалните влијанија што ги чувствуваат – вклучително и нивниот пристап до ресурси и процесот на одлучување. На пример, Ромките, историски гледано, генерално се маргинализирани и предмет на дискриминација во општеството поради бојата на нивната кожа и етничката припадност. Поради оваа историска маргинализација, нивната работа во неформалната економија и руралните сектори се соочува со дополнителен товар и негативно влијание како резултат на КОВИД-19. Јасно е дека пандемијата и економските проблеми што произлегуваат од неа имаат регресивен ефект врз родовата еднаквост, а тоа важи и за жените во рамките на креирањето политики и одлучувањето. Различни студии пред пандемијата имаат покажано дека пратеничките мораат да се справат со поголеми предизвици од своите колеги и дека од почетокот на пандемијата таквите предизвици само се имаат влошено.[1]

Жените и девојчињата се соочени со повеќе различни облици на дискриминација. „Иако сите се ранливи на КОВИД-19, луѓето дефинитивно не се подеднакво погодени од пандемијата. Постојат очигледни родови разлики, а најмаргинализираните лица се најтешко погодени. Жените и девојчињата се соочени со зголемен ризик од семејно насилство, несоодветен пристап до основна здравствена заштита (како пред пандемијата, така и за време на пандемијата), казнување поврзано со КОВИД-19, економска несигурност и наметнување неплатена и непризнаена работа во давањето нега. Кога ова ќе се искомбинира со стигмата и меѓусекторската дискриминација, со кои веќе се соочуваат маргинализираните жени и девојчиња, можеме да видиме дека жените и девојчињата се несомнено „заборавени“.[2]

# Товарот на неплатената нега

Ако се земе предвид дека на светско ниво најголемиот дел од неплатената домашна работа и нега паѓа на жените[3], затворањето на училиштата за да се контролира пренесувањето на вирусот во Европа и пошироко се покажа дека има различни и несразмерни ефекти врз жените. Според студијата на Европскиот институт за родова еднаквост (EIGE), „постои директна поврзаност меѓу нееднаквата распределба на неплатената нега во домаќинствата и родовата нееднаквост на пазарот на трудот.  Во ЕУ најголемиот дел од неплатената работа во обезбедувањето нега паѓа на жените, со 92 % од неплатената нега што се обезбедува неколку дена во текот на неделата – наспроти 68 % од страна на мажите“.[4] Жените го обезбедуваат најголемиот

---

1 SASKIA BRECHENMACHER, CAROLINE HUBBARD. 2020. How the Coronavirus Risks Exacerbating Women's Political Exclusion. На интернет: https://carnegieendowment.org/2020/11/17/how-coronavirus-risks-exacerbating-women-s-political-exclusion-pub-83213

2 UNAIDS.2020. *Six Concrete Measures To Support Women And Girls In All Their Diversity In The Context Of The COVID-19 Pandemic*. На интернет: https://www.unaids.org/sites/default/files/media_asset/women-girls-covid19_en.pdf

3 TNH. 2018. *Unpaid Care and Domestic Work*. Online: https://deeply.thenewhumanitarian.org/womensadvancement/background/unpaid-care-and-domestic-work

4 European Institute for Gender Equality (EIGE).2020. *More equal sharing of care would reduce workplace gender inequality*. На интернет: https://eige.europa.eu/news/more-equal-sharing-care-would-reduce-workplace-gender-inequality

дел од неформалната нега во семејствата, вклучително грижата за членовите на семејството, домашното школување на децата, неплатената домашна работа и слично. Сето тоа ги ограничува во однос на нивните работни и економски можности. Во исто време истражувањето покажува дека една на десет вработени жени била присилена да земе неплатено отсуство. Во регионот речиси 10 % од жените биле испратени на неплатено отсуство, додека шест проценти зеле делумно платено отсуство. Како резултат на тоа, жените што работат на нископлатени работни места се под поголем ризик да останат без работа и последователно да паднат во сиромаштија доколку не се преземат мерки за субвенционирање на загубениот приход.[5]

## Финансиски предизвици – скратено работно време, загубени работни места

Според глобалниот институт „Мекинзи“[6], работните места на жените се за 1,8 пати поранливи на загуба во текот на кризата отколку работните места на мажите. Жените учествуваат со 39 проценти од глобалната работна сила, но со 54 проценти од вкупно загубените работни места. Една од причините за поголеми последици по жените е тоа дека вирусот значително го зголемува товарот од споменатата неплатена нега, којашто несразмерно паѓа на товар на жените. Тоа, меѓу другите фактори, значи дека вработеноста на жените паѓа побрзо од просекот, дури и кога ќе се земе предвид фактот дека жените и мажите работат во различни сектори.[7] Дополнително, КОВИД-19 значително и несразмерно влијае врз секторите во кои жените се доминантно застапени, што води кон поголеми загуби на работните места на жените. Исто така, врз основа на брзата родова процена од регионалната канцеларија на „ОН Жени“ (UN Women) за Европа и Централна Азија, над 40 проценти од жените во Европа и во Централна Азија за време на пандемијата работат на помалку платени работни места во споредба со мажите (брзата анкета за родова процена била спроведена меѓу април и јуни 2020 година). Намалувањето на платените работни часови на жените се забележува во сите региони и земји/територии. Генерално, жените се повеќе погодени од мажите, а бројот на жени што морале да ги намалат своите работни часови е поголем. Со оглед на тоа дека учеството на жените на пазарот на трудот било помало од мажите пред кризата, загубата на работни места и намалувањето на платените работни часови веројатно дополнително ќе ги влоши нееднаквостите во регионот, и уште повеќе во овие земји/територии. Споделените податоци, исто така, покажуваат дека загубата на платените работни часови имала поголеми последици по младите жени на возраст од 18-34 години. Во повеќето земји/територии поверојатно е помладите жени да пријават

---

5 UN Women.2020. *THE IMPACT OF COVID-19 ON WOMEN'S AND MEN'S LIVES AND LIVELIHOODS IN EUROPE AND CENTRAL ASIA: Preliminary Results from a Rapid Gender Assessment.* На интернет: https://eca.unwomen.org/en/digital-library/publications/2020/07/the-impact-of-covid19-on-womens-and-mens-lives-and-livelihoods

6 McKinsey Global Institute. 2020. *COVID-19 and gender equality: Countering the regressive effects.* На интернет: https://www.mckinsey.com/featured-insights/future-of-work/COVID-19-and-gender-equality-countering-the-regressive-effects#

7 McKinsey Global Institute. 2020. *COVID-19 and gender equality: Countering the regressive effects.* На интернет: https://www.mckinsey.com/featured-insights/future-of-work/COVID-19-and-gender-equality-countering-the-regressive-effects#

намалување на работните часови (но без да го загубат работното место) во споредба со жените од другите возрасни групи. Пандемијата особено влијае врз самовработените жени со оглед на тоа дека 25 проценти ја загубиле работата (во споредба со 21 процент од самовработените мажи), а дополнителни 49 проценти ги намалиле работните часови (наспроти 53 проценти кај мажите). [8]

Исто така, жените-мигранти низ светот се во првите борбени редови во справувањето со пандемијата со КОВИД-19. Тие работат на работни места од суштинска важност, но најчесто малку платени и ранливи, како, на пример, здравствени работнички и негувателки, медицински сестри, хигиеничарки и перачки, со што се изложени и на висок ризик од заразување со вирусот[9]. Жените во неформалната економија, вклучително и многу работнички-мигранти, се соочени со повисок ризик да го загубат својот извор на егзистенција, да им бидат прекршени нивните работнички и човекови права и да се заразат од коронавирусот. Овие родовоопределени работни места во неформалната економија, особено домашната работа и секторот на давање нега, често се со несигурни договори и без платено отсуство или можност за работа од дома. Поголема е веројатноста жените во неформалната економија, како и жените-мигранти, да бидат ангажирани за работа на определено време или со скратено работно време. „Нивните работни места, генерално, се исклучени од програмите за социјално осигурување преку придонеси, што значи социјалните сигурносни мрежи за надоместок на загубениот приход се ограничени или не постојат, а, исто така, имаат ограничен или никаков пристап до здравствена и породилна заштита. За голем дел од 8,5 милиони жени-мигранти коишто се домашни работнички, почетокот на пандемијата значеше губење на работата, при што нивното здравје и сигурност се игнорираат, па дури и повредуваат. За мигрантите-домашни работници што се сместени во домот каде што работат, губењето на работата значи и губење на местото на живеење. Воведувањето ограничувања за патување ги зголеми финансиските предизвици и несигурноста, при што многумина останаа заглавени во места далеку од дома“.[10] Ова, исто така, важи и за поголемото мнозинство на домашни работнички од странство што работат низ Европа, особено оние што патуваат од Централна и Источна Европа во Западна Европа. Дополнително, пандемијата со КОВИД-19 значително влијае врз циркуларната миграција на негувателите што живеат таму каде што работат, меѓу нивната земја и старечките домови во други европски земји. „Многумина од нив

не биле во можност да се вратат на своите работни места или да започнат нова работа поради патните ограничувања или откажаните ангажмани, на пример кога негувателите што требале да ги заменат го продолжиле својот ангажман. Иако владите имаат спроведено низа различни мерки за олеснување на економските последици од пандемијата врз компаниите и вработените, многу од негувателите што живеат во домовите каде што работат немале право на ваква поддршка.”[11]

---

[8] UN Women.2020. *THE IMPACT OF COVID-19 ON WOMEN’S AND MEN’S LIVES AND LIVELIHOODS IN EUROPE AND CENTRAL ASIA: Preliminary Results from a Rapid Gender Assessment.* На интернет: https://eca.unwomen.org/en/digital-library/publications/2020/07/the-impact-of-covid19-on-womens-and-mens-lives-and-livelihoods

[9] UN Women.2020. *Addressing the Impacts of the COVID-19 Pandemic on Women Migrant Workers*. На интернет: https://reliefweb.int/sites/reliefweb.int/files/resources/guidance-note-impacts-of-the-COVID-19-pandemic-on-women-migrant-workers-en.pdf

[10] Ибид.

[11] Leiblfinger M.; Prieler V.; Schwiter K.; Steiner J.; Benazha A.; Lutz H. 2020. *Impact of COVID19 Policy Responses on LiveIn Care Workers in Austria Germany and Switzerland*. На интернет: https://journal.ilpnetwork.org/articles/10.31389/jltc.51/print/

# Родовозасновано насилство

Родовите импликации од карантинот, како што е порастот на родовозаснованото насилство, исто така, треба да бидат препознаени. Истражувачите имаат забележано врска меѓу пандемијата со КОВИД-19 и родовозаснованото насилство, честопати именувано како „пандемија во сенка“.[12] Карантинот воведен заради справување со КОВИД-19 им даде поголема слобода на насилниците. Неколку извештаи во медиумите укажуваат на зголемен број случаи на семејно насилство во различни земји“.[13] На пример, во Австралија стапката на семејно насилство пораснала за 5 проценти, Кина е сведок на трикратен пораст на случаите на семејно насилство по воведувањето карантин, различни држави во САД, исто така, пријавиле пораст од 21 до 35 проценти на семејно насилство, па дури и Обединетото Кралство се соочува со загриженост поради порастот на семејното насилство.[14] Насилство врз жените и семејствата било пошироко пријавувано од јавноста за време на првиот бран на коронавирусот во Словачка. Вкупниот број повици на националната телефонска линија за жени што се жртви на насилство на Институтот за трудови и семејни истражувања се удвоиле во периодот меѓу март и јуни 2020 година кога Словачка најави вонредна состојба поради пандемијата.[15]

# Состојбата со Ромките

Социјалната состојба, состојбата во врска со вработувањето на Ромките и нивниот секојдневен живот, вклучително и нивната социоекономска состојба и искуството со дискриминација, вознемирување и насилство, се разликуваат од поголемиот дел од популацијата во Северна Македонија и во други европски земји. Неопходно е да се земе предвид фактот дека Ромките честопати работат сезонски или привремени работи, или работат достава на локалните пазари и во мали фирми. Како последица на коронавирусот многу од нив се соочија со затворање на местата каде што работеле и намалување на нивните приходи. Ромките се соочени со сè поголема дискриминација, вклучително и родовозасновано насилство (РЗН), со што се продлабочува нивната ранливост на кризната состојба. Со затворањето на училиштата и ненадејното префрлање на настава од далечина за време на пандемијата многу ромски деца останаа без образование поради немањето пристап до

12 UN WOMEN. 2020. *The Shadow Pandemic: Violence against women during COVID-19*. На интернет: https://www.unwomen.org/en/news/in-focus/in-focus-gender-equality-in-COVID-19-response/violence-against-women-during-COVID-19

13 Shalini Mittal; Tushar Singh. 2020. *Gender-Based Violence during COVID-19 Pandemic: A Mini-Review.* Online: https://www.frontiersin.org/articles/10.3389/fgwh.2020.00004/full

14 Ибид.

15 IVPR. 2020.*Násilie na ženách a v rodinách verejnosť nahlasovala viac v období pandémie koronavírusu (Насилството врз жените и семејствата било пошироко пријавувано од јавноста за време на пандемијата на коронавирусот)*. На интернет: https://ivpr.gov.sk/nasilie-na-zenach-a-v-rodinach-verejnost-nahlasovala-viac-v-obdobi-pandemie-koronavirusu-tlacova-sprava/?fbclid=IwAR3Ymgha89uPJ4SmbxCLlax-ynPX1l8Uvc9CrbagCItExNFChwR6T-vtv3Y

компјутери и до интернет.[16] „Пандемијата, исто така, ја продлабочи поделбата на родовите улоги во ромските домаќинства. Обврските околу негата сè повеќе станаа должност на жените, со што се зголеми генерално товарот што падна, пред сè, врз грбот на жените“.[17] Во истражување спроведено од Ромскиот национален центар во партнерство со „ОН Жени“, Ромките изјавиле „дека бројот на часови што ги поминуваат во чистење се зголемил (70 %), како и времето што го поминуваат во готвење (62 %)“.[18]

## Време/простор за жените да се ангажираат во раководството и процесот на одлучување во политиката

Женскиот политички глас е многу важен во работата за прашања поврзани со родовата еднаквост и затоа политичката застапеност е клучна. „Дури и пред пандемијата, напредокот кон родова еднаквост беше нееднаков. Родовите последици од кризата со КОВИД-19 го нагласија нееднаквиот напредок кон родова еднаквост. Светот има постигнато напредок во однос на неколку аспекти од родовата еднаквост, како што е смртноста на мајките, уделот на жените на професионални и технички работни места и политичката застапеност“.[19] Меѓутоа, пандемијата често го брише ваквиот напредок, па затоа жените што се инволвирани во политиката мора да се справат и со единствените предизвици и можности од пандемијата со КОВИД-19, а владите во светот треба да преземат чекори за заштита на политичката инклузија на жените за време на пандемијата и пошироко. Резултатите од истражувањето на Националниот демократски институт и неговите партнери во Буркина Фасо, Мексико, Полска и Уганда[20] посочуваат дека од почетокот на пандемијата таквите предизвици станале уште полоши во текот на вонредни ситуации. Истражувањето идентификува четири ризици што се јавуваат во однос на политичкото учество на жените и политичката инклузија во контекст на пандемиската растечка економска несигурност и враќањето на традиционалните родови улоги, ограничувањето на можноста и времето за жените да учествуваат во политиката; поголемото потпирање на неформалните практики коишто можат да го ограничат пристапот на жените до партиските ресурси и финансии за изборни кампањи; нееднаквоста во пристапот до електронска платформи и намалената јавна видливост на жените за

---

[16] UNHCR. 2020. *Many Roma families are particularly vulnerable in the current crisis of COVID-19*. На интернет: https://www.unhcr.org/ua/en/21189-many-roma-families-are-particularly-vulnerable-in-the-current-crisis-of-COVID-19.html

[17] Roma National Center in partnership with UN Women. 2020. *Roma population is affected disproportionately by the COVID-19 pandemic.* На интернет: https://moldova.unwomen.org/en/noutati-si-evenimente/noutati/2020/09/roma-women

[18] Roma National Center in partnership with UN Women. 2020. *Roma population is affected disproportionately by the COVID-19 pandemic.* На интернет: https://moldova.unwomen.org/en/noutati-si-evenimente/noutati/2020/09/roma-women

[19] McKinsey Global Institute. 2020. *COVID-19 and gender equality: Countering the regressive effects.* На интернет: https://www.mckinsey.com/featured-insights/future-of-work/COVID-19-and-gender-equality-countering-the-regressive-effects#

[20] SASKIA BRECHENMACHER, CAROLINE HUBBARD. 2020. *How the Coronavirus Risks Exacerbating Women’s Political Exclusion.* На интернет: https://carnegieendowment.org/2020/11/17/how-coronavirus-risks-exacerbating-women-s-political-exclusion-pub-83213

време на пандемијата резултираат со тоа дека е помалку веројатно прашањата поврзани со родот и политичката моќ да се во центарот на политичката дебата со смирувањето на вонредната ситуација. Меѓутоа, важно е да се запомни дека „вклучувањето на жените во телата што носат одлуки само по себе не е доволно за да се обезбедат родовочувствителни политики: политичарите и политичарките треба да бидат информирани од движењата за родова и социјална правда и да дадат отчет пред нив. Мрежите со граѓанското општество ќе бидат од суштинска важност во усвојувањето и спроведувањето прогресивни политики коишто можат да помогнат во олеснување на меѓугенерациските последици од пандемијата со КОВИД-19 врз родовата еднаквост“.[21]

# Општ преглед

Врз основа на претходните наоди може да се заклучи дека економските и продуктивните аспекти од животот на жените се погодени несразмерно и различно од кризата со КОВИД-19. Со оглед на тоа, одговорот не треба да биде родовослеп. Стручната литература, податоците и наодите што се претставени досега демонстрираат дека економските и продуктивните аспекти од животот на жените се погодени од кризата несразмерно и различно од оние на мажите со оглед на тоа дека „жените заработуваат помалку, заштедуваат помалку, имаат помалку сигурни работни места и е поверојатно да бидат вработени во неформалниот сектор (на пр., домашна работа). Имаат помал пристап до социјална заштита и го сочинуваат мнозинството на еднородителски домаќинства. Исто така, жените трошат несразмерно повеќе време од мажите на неплатена работа во давање нега, па затоа нивниот капацитет за апсорбирање на економските шокови е послаб од тој на мажите.[22] Исто така, постои зголемен ризик од сексуално и родовозасновано насилство за време на пандемијата со Ковид-19.[23] Овие наоди ги навестуваат целите и хипотезите на овој труд.

# Истражувачки цели

Целта на овој истражувачки труд е да се идентификуваат стратегиските мерки и директната поддршка коишто непосредно се однесуваат на економските последици од КОВИД-19 врз жените и девојчињата во Европа. Истражувачкиот труд ќе ги посочи и најдобрите практики од одредени европски земји во врска со социоекономските мерки чијашто цел е елиминирање на негативните ефекти на КОВИД-19 врз жените, вклучително и улогата на парламентите во надзорот на јавните политики. Врз основа на примерите на добри практики од анализираните

---

21 SASKIA BRECHENMACHER, CAROLINE HUBBARD. 2020. *How the Coronavirus Risks Exacerbating Women's Political Exclusion.* На интернет*:* https://carnegieendowment.org/2020/11/17/how-coronavirus-risks-exacerbating-women-s-political-exclusion-pub-83213

22 ELSI Report. 2020. *Gender aspects of COVID-19 and pandemic response.* На интернет: https://sciencetaskforce.ch/wp-content/uploads/2020/10/Gender-aspects-of-COVID19-and-pandemic-response-14-May-20-EN.pdf

23 IFRC. 2020. *Prevention and response to Sexual and Gender-Based Violence in COVID-19.* На интернет: https://reliefweb.int/sites/reliefweb.int/files/resources/IFRC-SGBV-COVID-19-Technical-Guidance-Note-FINAL_14May.pdf

земји – Естонија, Германија, Словачка, Шведска и Швајцарија – и резултатите од анкетата по телефон за мерење на ефектите од КОВИД-19 врз жените во Северна Македонија, меѓу кои и Ромките, овој труд ќе предложи активности што се потребни за заштита на работничките во неформалниот сектор и во други сектори што се најпогодени од пандемијата. Исто така, трудот ќе даде препораки за тоа како да се приспособат постојните национални програми за социјална заштита за да се обезбеди доход за жените и девојчињата погодени од пандемијата со КОВИД-19 и да се зајакне надзорната улога на Собранието во однос на спроведувањето инклузивни владини мерки во борбата со КОВИД-19 и воведувањето нови политики во Северна Македонија.

# Хипотези

Досега научната литература сугерира дека на глобално ниво жените и девојчињата се соочени со бројни облици на дискриминација и несразмерно се погодени од социјалните, економските и политичките ефекти од Ковид-19. Затоа хипотезите на овој истражувачки труд се следниве:

**H1:** Жените во Северна Македонија се соочени со ризикот да претрпат поголема економска штета од нарушувањата што произлегоа од пандемијата со Ковид-19 отколку мажите.

**H2:** Голем дел од жените во Северна Македонија останаа без работа поради неплатената домашна работа и давањето нега за време на пандемијата.

# Состојбата во Северна Македонија

За да се потврдат хипотезите, прво е неопходно да се споредат достапните статистички податоци од неколку извори што вклучуваат процент на жени вклучени во неформалната економија; процент на пријавени загубени работни места на самовработени жени; процент на жени одговорни за водење на домаќинството; процент на жени вработени во индустрии што се најдиректно погодени од КОВИД-19 и сите други релевантни и достапни податоци. Како второстепена потврда ќе се искористи анализата на телефонската анкета.

Податоците собрани од „ОН Жени“ во Северна Македонија покажуваат дека доменот во кој се забележуваат континуирани родови нееднаквости во земјава, дури и пред пандемијата, е економијата, а нееднаквостите се особено изразени во делот на заработувачката и пристапот до финансиски ресурси.[24] „Жените, во просек, имаат пониски нето-доходи и пониска примања во споредба со мажите и со тоа се соочуваат со повисок ризик од сиромаштија. Жените имаат многу пониски стапки во делот на формалната вработеност во споредба со мажите (48,4 проценти од жените наспроти 70 проценти од мажите), додека повеќе од половина од неактивните лица на пазарот

[24] Marija Bashevska - UN Women. 2020. *RAPID GENDER ASSESSMENT: THE IMPACT OF COVID-19 ON WOMEN AND MEN IN NORTH MACEDONIA.* На интернет: https://www2.unwomen.org/-/media/field percent 20office percent 20eca/attachments/publications/2020/09/rga_the percent 20impact percent 20of percent 20COVID-19_nm_eng_final_2020_09_29-min.pdf?la=en&vs=2420

на трудот се жени (64,4 проценти). Исто така, формално вработените жени заработуваат помалку од мажите. Како што покажуваат најновите податоци за неприспособениот родов јаз во платата, во просек платите на жените се 15 % пониски од платите на мажите. Ова е поради пониската застапеност на жените на раководни позиции, нивната дискриминација на пазарот на трудот и повисоката застапеност во индустриите со пониско вреднување на трудот и пониски плати. Мажите претставуваат мнозинство меѓу работодавците (78 %) и самовработените (82 %). Жените претставуваат мнозинство меѓу вработените во образованието, здравството и во социјалната заштита. Тие, исто така, се мнозинство во текстилната индустрија со 24 %, каде што најголемиот дел (87 %) добиваат плати пониски од просечната“.[25]

Нивната анализа, исто така, потврдува дека сè уште има тренд на несразмерен товар врз жените кога се работи за неплатена домашна работа и нега. Овие обврски постојано и главно ги извршуваат жени, а тие, главно, вклучуваат обврски од типот готвење, чистење, перење, одржување на домот, грижа за децата и грижа за возрасни и лица со попреченост. Неодамнешните процени покажуваат дека жените во Северна Македонија вршат 72,5 проценти од неплатената домашна работа и грижа за децата, што значително влијае врз нивната способност и време за вршење платена работа, градење кариера или поголемо учество во јавниот живот, волонтерска работа или учество во други активности од интерес.[26]

Како што покажа оваа анализа, треба да се нагласи дека „со КОВИД-19, покрај здравствениот сектор и работата на лекарите, сестрите и другите здравствени работници, уште неколку други активности се издвоија како суштински за секојдневното функционирање. Тука влегуваат индустриите поврзани со производството и продажбата на прехранбени производи, аптеките, продавниците и супермаркетите, финансиските услуги и одржувањето хигиена. За разлика од општите препораки за работодавците за организирање на работата од дома онаму каде што е можно, во овие сектори потребата од физичко присуство не се смени и затоа е зголемен ризикот од изложување на инфекцијата, со што се наметнуваат потешки работни услови и одговорност. На овие работни места во Северна Македонија доминантно работат жени (30 % од вработените жени наспроти 16 % од вработените мажи). Жените заземаат најголем процент од вработените во здравството, односно на нив отпаѓаат 74 % од вкупниот број“.[27]

Како што претходно беше наведено, политичарите мора да се фокусираат на справувањето со бројните различни облици на дискриминација и подобрување на пристапот за жените и девојчињата до сите социоекономски мерки чијашто цел е елиминирање на негативните ефекти од кризата со КОВИД-19. Како што изјави Стево Пендаровски, претседателот на Северна Македонија, „пандемијата со Ковид-19 ја продлабочува родовата нееднаквост и ја нагласува релевантноста на трансформативната визија изнесена во Пекиншката декларација. Од клучна важност е да се демонстрира политичка волја и опипливи напори за омоќување на жените и девојчињата“. Тој рече дека Северна Македонија стои на својата заложба за родова еднаквост, за Декларацијата и за отстранување на систематските бариери за родов паритет. [28] Затоа е многу важно другите политичари и чинители што се одговорни за предлагање акции, мерки, акциски планови и закони чијашто цел е да се постигне родовоеднакви социоекономски политики да не останат само на збор, за време и по

---

25 Ибид.

26 Marija Bashevska - UN Women. 2020. *RAPID GENDER ASSESSMENT: THE IMPACT OF COVID-19 ON WOMEN AND MEN IN NORTH MACEDONIA.* На интернет: https://www2.unwomen.org/-/media/field percent 20office percent 20eca/attachments/publications/2020/09/rga_the percent 20impact percent 20of percent 20COVID-19_nm_eng_final_2020_09_29-min.pdf?la=en&vs=2420

27 Ибид.

28 UN General Assembly. 2020. *Progress towards gender equality under threat, world leaders warn as General Assembly marks twenty-fifth anniversary of landmark women’s rights conference.* На интернет: https://reliefweb.int/report/world/progress-towards-gender-equality-under-threat-world-leaders-warn-general-assembly-marks

кризата, туку мора да одиграат одлучувачка улога во забрзувањето на напредокот кон родовата еднаквост. Ова е општа одговорност на сите избрани функционери.

IВо одговорот на пандемијата на КОВИД-19 важно е да се забележи дека жените не се во целост вклучени во процесот на одлучување на Владата на Северна Македонија. Пред парламентарните избори во јули 2020 година Владата имала само 5 министерки од вкупно 26 министерски места, а по изборите има 4 министерки од вкупно 20. Политичарите во рамките на телата за управување со кризи неформално споделија со Националниот демократски институт дека или воопшто нема жени или само мал број жени учествуваат во нивната работа. Дури и на состаноците на лидерските средби на лидерите на партиите што ги свикува претседателот Пендаровски најчесто нема жени или само една жена седи на масата, обично поранешната министерка за правда, Рената Дескоска. За жал, ова ја отсликува општата позиција на жените во политичките партии. Само мал број жени се наоѓаат на високи позиции на партиските раководства (заменик-претседател или потпретседател) и има една претседателка на политичка партија којашто е во Собранието[29].

Претходната Влада[30] на Северна Македонија донесе три кризни пакет-мерки како поддршка за граѓаните и за економијата. Овие пакети биле усвоени без вклучување на Собранието, со оглед на тоа дека Собранието во тоа време било распуштено и била прогласена вонредна состојба. Овие пакет-мерки за помош биле усвоени на 19 март, 31 март и на 17 мај со вкупна вредност од 550 милиони евра. Новата Влада донесе четврт пакет на мерки во вредност од 470 милиони евра, којшто беше усвоен на 27 септември 2020 година. Пакетите вклучуваа мерки за (фискална и монетарна) стимулација на економијата, поддршка на бизнисите и зачувување на работните места, проширување на социјалната заштита за најранливите граѓани, заштита на здравјето и безбедноста на работниците, стимулирање надоместок за домашни производи и развивање и подобрување на конкурентноста на македонските компании.

Во рамките на првите два пакети само две мерки од вкупни 27 се истакнуваат со тоа дека ја земаат предвид специфичноста на кризата и како таа може да влијае различно врз жените во споредба со мажите. Првата мерка што била усвоена со затворањето на градинките и училиштата обезбедила право на ослободување на еден родител со платено отсуство за да се грижи за дете помало од 10 години за времетраење на кризата. Меѓутоа, во практика оваа мерка повообичаено била користена од вработените жени, што резултирало со повлекување од професионалните обврски и потенцијалните можности за напредување што ги нуди работата.

Другата мерка што се фокусира на жените била привременото продолжување на платеното породилно отсуство што завршило за време на кризните месеци, како и платено ослободување од работа за вработени лица со хронични здравствени проблеми и лица со попреченост. Првата мерка овозможила сите жени што биле на породилно отсуство во времето кога била усвоена мерката и понатаму да добиваат плата од Фондот за здравствено осигурување.
Дополнително на ова, Министерството за внатрешни работи изјавило дека за жртвите на семејно насилство нема да важи полицискиот час. Оваа мерка била изработена во соработка со Националната мрежа против родовозасновано насилство и семејно насилство. Што се однесува до овие мерки, целта на следниот дел од овој истражувачки труд е да се процени соодветноста на мерките од перспектива на жените и девојчињата во Северна Македонија.

---

[29] *Win with Women Violence Against Women in Political Parties Assessment Report*, National Democratic Institute, Skopje, 2020: На интернет: https://www.ndi.org/publications/north-macedonia-violence-against-women-politics-assessment

[30] Предвремените парламентарни избори во Северна Македонија се одржаа на 15 јули 2020 година. Првично беа планирани за ноември 2020 година, но премиерот Зоран Заев побара предвремени избори откако Европскиот совет не успеа да се договори за почетокот на преговорите со Северна Македонија за пристапување кон Европската Унија во октомври 2019 година. Датумот за избори беше одреден за 12 април, но беше одложен за јули поради пандемијата со КОВИД-19 во Северна Македонија.

# Анкета на жените и девојчињата во Северна Македонија

Анкетата беше спроведена од 21 до 25 ноември 2020 година врз основа на квантитативен приод со примена на телефонска анкета (CATI-Computer Assisted Telephone Interview)[31]. Националната анкета за јавното мислење го оценуваше влијанието на КОВИД-19 врз жените на возраст постари од 18 години и употребата и влијанието на мерките за помош. Истражувањето се спроведе на национален репрезентативен примерок од 1.100 испитанички од Република Северна Македонија постари од 18 години и дополнителен примерок за засилување од 370 испитанички од следниве категории: жени што работат во неформалната економија, жени сопственички на микропретпријатија, жени-земјоделци, Ромки што се активни на пазарот на трудот, млади жени со потенцијал за претприемаштво на возраст 18+; по 75 испитанички од секоја од овие групи. Примерокот беше репрезентативен на национално ниво во однос на возраста, етничката припадност, статистичките региони и местото на живеење (урбани и рурални области). Секој од осумте статистички региони во Северна Македонија беше стратифициран според нивото на урбанизација. Бројот на интервјуа во рамките на 16-те нивоа (региони, и урбани и рурални) беше пропорционален на големината на проценетото население на даденото ниво. Проценетата маргина на грешка во одредувањето на примерокот за анкетата беше ±2,95 процентни поени на 95 проценти интервал на доверба.

Од анкетираните испитаници 100 проценти беа жени. Педесет и осум проценти живееја во урбани области, а 42 проценти во рурални. Со оглед на тоа дека примерокот беше регионално репрезентативен, највисокиот процент (28,7 %) од испитаничките живееја во скопскиот регион. Во однос на етничката припадност, 67 проценти од испитаничките беа Македонки, 24 проценти Албанки и 9 проценти припаднички на другите етнички заедници (Ромки, Турчинки, Србинки, Бошњачки и др.). Дистрибуцијата на примерокот по возрасни групи покажува дека 30 проценти од жените биле на возраст меѓу 18 и 34 години, додека 39 проценти од жените биле на возраст меѓу 35 и 54 години, а 31 процент од жените биле на возраст 55+. Дополнителни информации за прашалникот и демографските карактеристики можат да се најдат во анекс 1 и во анекс 2.

## РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТАТА

Генерално, може да се оцени дека резултатите од анкетата можат да се поделат на 6 потсекции – *Загриженост за состојбата со КОВИД-19, Финансиски последици, Користење помош/финансиска мерка, Грижа за деца и постари лица/лица со попреченост, Здравствена заштита* и *Предизвици*. Резултатите од анкетата ќе бидат дополнително анализирани во согласност со тие потсекции.

[31] Ова истражување беше спроведено од ТИМ институт (Скопје, Северна Македонија) со поддршка од НДИ. Испитаничките беа избрани по случаен избор; врз основа на родот се избираше онаа припадничка на домаќинството која прва има следен роденден

## ЗАГРИЖЕНОСТ ЗА СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19

–

Резултатите од анкетата покажаа дека големо мнозинство од испитаничките (86 %) се загрижени за состојбата со КОВИД-19 во земјава. За повеќе од половина од испитаничките (53 %), состојбата со КОВИД-19 е крајно загрижувачка, додека 32 % од испитаничките се донекаде загрижени. Девет проценти од испитаничките не се ниту загрижени ниту незагрижени, додека 4 % од испитаничките не се загрижени.

Испитаничките најмногу се загрижени за сопственото здравје и за здравјето на своето семејство и на пријателите (93 %), како и за финансиската состојба на нивното домаќинство (47 %). Дваесет и два проценти од испитаничките биле загрижени за економската состојба и за невработеноста во земјава, 20 проценти за нивната емоционална добросостојба, а 16 проценти за социјалната изолација.

**Графикон 1.** За што сте НАЈМНОГУ загрижени? (Повеќе одговори) (%)




## ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

–

Наодите од анкетата покажуваат дека жените се загрижени за економските последици од КОВИД-19 во Северна Македонија. Повеќе од 80 проценти од испитаничките се донекаде (42 %) или крајно загрижени (41 %).

**Графикон 2.** Колку сте загрижени за економските последици од кризата со КОВИД-19 (корона) во земјава? (%)



Мнозинството (69 %) од жените се загрижени за финансиската состојба на нивното домаќинство како последица од влијанието на кризата со КОВИД-19 врз нивното семејство. Кога се споредуваат одговорите на жените од урбаните и руралните области, поголем е процентот на жените од руралните области што изразиле загриженост.

Шеесет и шест проценти од испитаничките од руралните области се донекаде (33 %) или крајно (42 %) загрижени. Во урбаните области 65 проценти од испитаничките се загрижени за финансиската состојба на нивното домаќинство како последица од влијанието на кризата со КОВИД-19 врз нивното семејство (графикон 3).

**Графикон 3.** Колку сте загрижени за финансиската состојба на вашето домаќинство како последица од влијанието на кризата со КОВИД-19 (корона) врз вашето семејство? (%)




Според возраст, жените на возраст од 35 до 54 години се најзагрижени (75 %) за финансиската состојба на нивното домаќинство. По нив како најзагрижени следуваат жените на возраст од 55 години и постари. Шеесет и осум проценти од жените над 55 години, споредено со 64 проценти од жените на возраст меѓу 18 и 34 години (графикон 3а).

**Графикон 3а.** Колку сте загрижени за финансиската состојба на вашето домаќинство како последици од влијанието на кризата со КОВИД-19 (корона) врз вашето семејство? (%)



Во однос на трудовата активност или неактивност, 55 проценти од жените не работеле (невработени, домаќинки, студенти, пензионирани). Меѓу 44-те проценти на лица што активно работат, 44 проценти од испитаничките се загрижени за сигурноста на нивното работно место/идно работно место како последица од кризата со КОВИД-19, во споредба со 42 проценти коишто се донекаде или не се загрижени. Највисокиот процент на загрижени жени се на возраст меѓу 35 и 54 години (48 %), додека најмал процент на загрижени жени се на возраст меѓу 18 и 34 години (34 %).

Што се однесува до нивото на образование, најголем процент на загриженост за сигурноста на нивното работно место/идно работно место како последица од кризата со КОВИД-19 постои меѓу жените и девојчињата што се со основно образование (68 %). Жените со образование повисоко од средно образование се најмалку загрижени (34 %). Меѓу овие две категории се жените што завршиле средно образование (48 %).

Загриженоста за сигурноста на нивното работно место/идно работно место како последица од кризата со КОВИД-19, исто така, зависи и од секторот во кој работат жените. Најголема загриженост постои меѓу жените што работат самостојно (77 %), по нив следуваат жените-земјоделци (72%) и жените што работат во неформалниот сектор, како што се жени што чистат по куќи, жени што се грижат за деца, негувателки на стари лица итн. (53 %). Наспроти тоа, жените вработени во јавниот сектор се најмалку загрижени за своите работни места. Само 32 проценти од испитаничките што работат во јавниот сектор се загрижени за своите работни места, додека 59 проценти не се загрижени. Жените што се вработени во приватниот сектор (48 проценти се загрижени) следуваат по нив. Интересен е наодот дека ист процент на жени што се сопственички на бизниси се загрижени за својот бизнис (45 проценти) и не се загрижени (45 проценти). Осум проценти од овие жени не се ниту загрижени ниту незагрижени (графикон 4).

**Графикон 4.** Колку сте загрижени за сигурноста на вашето работно место /идно работно место како последица од кризата со КОВИД-19 (корона) (%)



## КОРИСТЕЊЕ ПОМОШ/ФИНАНСИСКА МЕРКА

–

Наодите сугерираа дека во последните 6 месеци 20 проценти од испитаничките користеле некаков вид помош, финансиска мерка, помош поврзана со работата или социјална мерка. Наспроти нив, 79 проценти од испитаничките не користеле никаква помош. Највисокиот процент жени што користеле некаков вид помош биле жените на возраст меѓу 18-34 години (31 %), по што следува возрасната група меѓу 35-54 години (20 %). Најмал број жени што користеле некаков тип државна помош биле на возраст од 55 години или постари.

Меѓу 20-те проценти жени што имале пристап до финансиска помош обезбедена од Владата на Република Северна Македонија 65 проценти ја сметаат таа помош за недоволна. Само 28 проценти од испитаничките ја сметаат обезбедената помош за доволна. Од друга страна, меѓу овие 20 проценти жени што користеле помош 78 проценти од жените сметаат дека таа помош е лесно достапна. Најчесто користениот тип помош била платежната картичка за производи за домаќинство (66 %), по што следува ваучерот за одмор (37 %), помош во износ од 14.500 денари по вработен (8 %), а потоа ваучер за младите лица (7,8 %). Истиот процент на жени – 5 – користеле осигурување за невработеност и гарантирана минимална помош. Четири проценти од испитаничките изјавиле дека користеле бенефиции за родители што можеле да останат дома за да се грижат за дете помало од 10 години. Три проценти од испитаниците користеле ваучери за сместување за бруцоши, а 2 проценти жени и девојчиња користеле ваучери за набавка на училишна опрема. Само 0,4 проценти од девојчињата и жените поднеле барање и потоа користеле ваучери за стекнување дигитални вештини. Изненадувачки, ниедна од испитаничките не користела енергетски додаток.

**Графикони 5 и 6.** Според вас, дали помошта беше доволна? / Дали оваа помош е лесно достапна? (%)



## ГРИЖА ЗА ДЕЦА И ПОСТАРИ ЛИЦА/ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Резултатите од анкетата покажаа дека 39 проценти од испитаничките имаат деца помали од 18 години во своите домаќинства (17 % - едно дете; 18 % - две деца, 3 % - три деца). Меѓу 40-те проценти од лицата што имаа деца помлади од 18 години во своето домаќинство, мнозинството жени лично трошат повеќе време за грижа за децата отколку пред кризата со КОВИД-19. Триесет и шест проценти од испитаничките трошат многу повеќе време, а 20 проценти малку повеќе време за грижа за децата отколку пред кризата со КОВИД-19, додека 44 проценти од испитаничките трошат исто време за грижа за децата како и претходно. Жените морале да трошат повеќе време за грижа за децата на возраст меѓу 9-14 години (од четврто до деветто одделение). Од друга страна, трошеле помалку време за грижа за децата на возраст меѓу 15-18 години (средно училиште) (графикон 7).

**Графикон 7.** Дали вие лично трошите повеќе време за грижа за децата отколку пред кризата со КОВИД-19?




Во однос на грижата за постари лица или лица со попреченост, најголемиот број од испитаничките (86 %) не живеат во домаќинство со постаро лице/лице со попреченост. Од 23-те проценти на жени што живеат со постаро лице или лице со попреченост, 45 проценти поминуваат повеќе време во грижа за него отколку порано (24,7 проценти – многу повеќе време и 21,2 проценти малку повеќе време).

Кога се фокусираме на резултатите од анкетата во однос на неплатената домашна работа, како што е планирање и приготвување храна, чистење, грижа за деца, постари лица и лица со попреченост, помош околу училишни обврски, лесно може да се види дека овие обврски главно биле менаџирани од жените. Кога се работи за организирање на исхраната и подготовка на оброците, до 72 проценти

од жените посветувале повеќе време на овие активности за време на пандемијата отколку партнерот. Само 6 проценти од испитаничките одговориле дека нивните партнери поминувале повеќе време на овие активности, додека 22 проценти изјавиле дека некој друг се занимавал со оваа обврска, но не го прецизирале нивниот род. Ова, исто така, може да биде потврдено од одговорите на испитаничките поделени по возрасни групи. Иако во возрасните групи 35-54 и 55+ повеќе од 80 проценти од жените биле задолжени за набавката и подготовката на храна, во возрасната група 18-34 тоа било случај кај помалку од половина од испитаничките. Од друга страна, во сите возрасни групи мажите трошеле повеќе време на овие активности само во 5 до 7 проценти случаи. Во случајот на возрасната група 18-34, до 47 проценти некој друг се занимавал со овие обврски, како на пример роднина (графикони 8 и 8а).

**Графикони 8 и 8а.** Во последните 6 месеци во вашето домаќинство кој троши НАЈМНОГУ ВРЕМЕ на следново:




Резултатите од анкетата се многу слични и во други активности, како што се чистење, грижа за деца, постари лица и лица со попреченост, како и помош околу училишните обврски на децата. Единствената разлика е кај возрасната група 55+ во однос на детската нега, училишните обврски и негата за постари лица или лица со попреченост. Највообичаен одговор во оваа возрасна група бил дека овие активности ги вршел некој друг. Ова е разбирливо со оглед на тоа дека овие активности, од друга страна, главно ги вршат жени од категориите што ги претставуваат помладите жени. Меѓутоа, оваа анкета, исто така, потврди дека неплатената домашна работа и понатаму наметнува значителен товар врз жените и девојчињата.

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

–

Во однос на здравствената заштита, 72 проценти од испитаничките немале потреба да користат здравствена заштита за здравствени проблеми што не се поврзани со КОВИД-19 во последните 6 месеци (од март досега), додека 27 проценти од жените користеле. Што се однесува до потребата од здравствена заштита на член на семејството во последните 6 месеци, резултатите се многу слични, речиси исти (графикони 9 и 9а).

**Графикони 9 и 9а.** Во последните 6 месеци (од март досега) дали имавте потреба да користите здравствена заштита за здравствени проблеми што не се поврзани со КОВИД-19? / Во последните 6 месеци (од март досега) дали некој член на семејството (дете/постаро лице/лице со попреченост) имал потреба да користи здравствена заштита за здравствени проблеми што не се поврзани со КОВИД-19?




Меѓу 42-та проценти од лицата што лично имале потреба од здравствена заштита или имале член на семејството што имал потреба од здравствена заштита за здравствени проблеми што не се поврзани со КОВИД-19, 41 процент од испитаничките ги добиле сите потребни здравствени услуги во јавна здравствена установа или од матичниот лекар, додека 46 проценти од жените добиле само делумно. Пет проценти од испитаничките не ги добиле сите потребни здравствени услуги во јавна здравствена установа или од матичен лекар, додека 5 проценти од жените добиле здравствена заштита во приватна установа.

## ПРЕДИЗВИЦИ

–

Пандемијата со КОВИД-19 претставува предизвик за сите земји и региони во светот во различни области, од здравствениот сектор преку економијата и безбедноста, до одржливиот развој. Почнувајќи од резултатите на оваа анкета, за жените во Северна Македонија најголемиот предизвик со којшто се соочени за време на кризата со КОВИД-19 е стравот да не се заразат од вирусот, неспокојот и несигурноста (19 проценти од испитаничките). На второто место се социјалното дистанцирање, изолацијата и карантинот (18 проценти), по што следуваат економската и финансиската криза (11 проценти). Овие предизвици се проследени со намалени приходи, намален работен ангажман и зголемени трошоци (5 проценти), потоа губење на работата и невработеност (4 проценти); хаос во јавното здравство и немање термини за редовни прегледи (4 проценти); потоа пандемијата и самиот вирус (3 проценти); квалитетот на образованието и наставата од далечина (2,6 проценти); грижата за здравјето на децата и постарите членови на семејството (2 проценти) и некои слични одговори. Десет проценти од испитаничките немаат некој поголем проблем, а 9 проценти не знаат.

Во сите испитани возрасни групи, трите најголеми предизвици се исти (страв од зараза со вирусот, неспокој и несигурност, социјалното дистанцирање, изолацијата и карантинот; економската и финансиската криза), само редоследот е различен. Возрасната група од 18 до 34 години ја смета

социјалната изолација како најголем предизвик, додека другите две возрасни групи за најголем предизвик ги сметаат стравот од инфекција, неспокојот и несигурноста (графикон 10).

**Графикон 10.** Кој е најголемиот предизвик со којшто се соочувате за време на кризата со КОВИД-19

| Најголемиот предизвик со кој се соочувате од почетокот на КОВИД-19 кризата до денес? | 18 - 34 | 35 - 54 | 55+ |
|---|---|---|---|
| Економската, финансиската криза | 8,5 | 14,8 | 8,8 |
| Бев позитивен на КОВИД-19 | 1,8 | 0,7 | 2,1 |
| Страв од инфекција со КОВИД-19, анксиозност, неизвесност | 13,7 | 20,3 | 25,1 |
| Социјалното дистанцирање, изолацијата, карантинот | 22,9 | 13,9 | 19,8 |
| Општата криза од вирусот, хаосот во општеството | 1,2 | 2,3 | 2,9 |
| Квалитетот на образованието, online наставата | 5,5 | 2,3 | 0,3 |
| Хигиена, честа дезинфекција на рацете и облеката, носење маски | 1,5 | 1,4 | 0,9 |
| Хаос во јавното здравство, недостиг на термини за регуларни прегледи | 2,4 | 2,5 | 7,4 |
| Грижа за здравјето на децата и постарите лица во домаќинството | 2,1 | 1,8 | 3,2 |
| Големи гужви во маркетите и аптеките | 0,9 | 0,5 | 0,6 |
| Губење на работното место, невработеноста | 5,2 | 4,4 | 2,4 |
| Намалени приходи, намален обем на работа, зголемени трошоци | 5,8 | 7,4 | 3,8 |
| Непочитување на мерките за заштита од страна на граѓаните | 1,8 | 0,2 | 0,3 |
| Не сум имала значаен проблем | 11,6 | 10,4 | 9,4 |
| Пандемијата, самиот вирус КОВИД-19 | 3,0 | 3,7 | 3,2 |
| Зголемување на обврските во домаќинството и на работното место | 0,6 | 0,9 | 0,6 |
| Промена на начинот на живот, нова реалност | 0,6 | | 0,3 |
| Друго | 0,6 | 1,8 | 1,5 |
| Не знае | 10,1 | 10,6 | 7,4 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 |

Од аспект на етничката припадност, Македонките речиси подеднакво се плашат од социјалното дистанцирање, изолацијата и карантинот колку и од инфекцијата од вирусот додека Албанките најмногу се плашат да не се заразат од вирусот, а потоа од економската и финансиската криза (графикон 10а).

**Графикон 10а.** Кој е најголемиот предизвик со којшто се соочувате за време на кризата со КОВИД-19?

| Најголемиот предизвик со кој се соочувате од почетокот на КОВИД-19 кризата до денес? | Macedonian | Albanian | Other |
|---|---|---|---|
| Економската, финансиската криза | 9,8 | 13,9 | 13,5 |
| Бев позитивен на КОВИД-19 | 1,6 | 1,5 | |
| Страв од инфекција со КОВИД-19, анксиозност, неизвесност | 21,0 | 18,1 | 15,4 |
| Социјалното дистанцирање, изолацијата, карантинот | 21,3 | 9,7 | 19,2 |
| Општата криза од вирусот, хаосот во општеството | 2,8 | 0,8 | 1,0 |
| Квалитетот на образованието, online наставата | 2,7 | 9,7 | 19,2 |
| Хигиена, честа дезинфекција на рацете и облеката, носење маски | 1,6 | | 1,9 |
| Хаос во јавното здравство, недостиг на термини за регуларни прегледи | 4,6 | 1,5 | 5,8 |
| Грижа за здравјето на децата и постарите лица во домаќинството | 1,6 | 3,9 | 3,8 |
| Големи гужви во маркетите и аптеките | 0,7 | | 1,9 |
| Губење на работното место, невработеноста | 3,0 | 6,9 | 3,8 |
| Намалени приходи, намален обем на работа, зголемени трошоци | 6,1 | 3,1 | 10,6 |
| Непочитување на мерките за заштита од страна на граѓаните | 0,9 | 0,4 | |
| Не сум имала значаен проблем | 12,6 | 3,9 | 11,5 |
| Пандемијата, самиот вирус КОВИД-19 | 2,2 | 6,9 | 2,9 |
| Зголемување на обврските во домаќинството и на работното место | 0,9 | | 1,0 |
| Промена на начинот на живот, нова реалност | 0,4 | | |
| Друго | 1,2 | 1,5 | 1,9 |
| Не знае | 4,7 | 26,3 | 1,0 |
| Вкупно | 100 | 100 | 100 |

Родовите импликации од карантинот, како што е порастот на родовозаснованото насилство, исто така, треба да бидат препознаени како предизвик. Триесет и осум проценти од испитаничките сметаат дека државата презела соодветни мерки за заштита на жените што страдале од физичко или психолошко насилство, додека 22 проценти од испитаниците сметаат поинаку. Важен наод е фактот дека мнозинството испитаници (39 проценти) не знаат или немаат информации за зголемениот ризик од родовозасновано насилство од почетокот на пандемијата. Ова може да значи дека пристапот до информации за ова прашање и информации за услугите што им се обезбедуваат на лицата што преживеале семејно насилство се недоволни (графикон 11). Овој наод, исто така, е потврден и од одговорите на испитаничките на други прашања: *Дали знаете која институција или организација на граѓанското општество дава помош или заштита на оние на кои им е потребна поради физичко или психолошко насилство (семејно насилство)?* Големо мнозинство од испитаничките (78 проценти) не знаат. Само 7 проценти од испитаничките ги спомнаа социјалните институции и служби, помалку од 5 проценти од испитаничките ги спомнаа центрите за социјална работа (4,4 проценти), Министерството за внатрешни работи (3 проценти), Министерството за труд и социјална политика (2 проценти), НВО (2 проценти) и СОС телефони за семејно насилство (само 0,3 проценти) (графикон 12).

**Графикони 10 и 11.** Според вас, дали државата презема соодветни мерки за да ги заштити жените што претрпеле физичко или психолошко насилство (семејно насилство)?/Дали знаете која институција или организација на граѓанското општество дава помош или заштита на оние на кои им е потребна поради физичко или психолошко насилство (семејно насилство)?







Со оглед на финансиската и економската криза како резултат на КОВИД-19, заедно со социјалната изолација и карантин, коишто имаат несразмерни последици по жените, неопходно е да се посочат примери на добри практики од други европски земји насочени кон справување со социоекономското влијание на КОВИД-19 врз жените и девојчињата.

# Најдобри практики од други земји – конкретни мерки за поддршка на жени и девојчиња[32]

За да се идентификуваат најдобрите практики чијашто цел е да се поработи на социоекономското влијание на КОВИД-19 врз жените и девојчињата, овој труд ќе упати на примери од пет европски земји – Естонија, Германија, Словачка, Шведска и Швајцарија. За ова цел, авторката изработи прашалник за да собере информации за мерките преземени од поединечни земји, нивните влади и парламенти за да се спречи негативното социоекономско влијание на пандемијата со КОВИД-19 врз жените и девојчињата. Вработените во истражувачките центри на парламентите и швајцарската Сојузна канцеларија за родова еднаквост одговорија на овој прашалник, освен ако не е поинаку наведено.

Генерално, може да се оцени дека поединечните мерки може да се поделат во 6 групи – *Мерки за надоместок на доход, Родителски додаток и бенефиции за нега за време на пандемијата/усогласување на приватниот и на професионалниот живот за време на кризата, СОС парична помош за оние што не можат да побараат друга помош/пристап до делумна невработеност, Програма за надоместок за болест/ слободни денови за лица што се болни, Мерки за да се опфатат и заштитат работничките во неформалниот сектор и Мерки за спречување на родовозаснованото насилство.* Важна поента што треба да се забележи е дека иако големото мнозинство од мерките што се преземени и претставени долу се родовонеутрални, во практика често особено го ублажуваат товарот врз жените.

## МЕРКИ ЗА НАДОМЕСТОК НА ДОХОД

Во Естонија била донесена Привремена програма за надоместок за намалување на примањата на работната сила. Програмата доделувала доход за вработените и им помагала на работодавците да ги надминат привремените тешкотии без да мора да отпуштаат вработени или да одат под стечај. Доходот бил исплатуван два месеца, од март до мај, за вработени чиишто работодавци биле погодени од вонредните околности предизвикани од КОВИД-19. Максималниот додаток бил 1000 евра месечно по вработен. Додатокот што бил исплатуван, како општо правило, изнесувал 70 проценти од бруто- платата на вработениот во претходните 12 месеци.

Во Словачка работодавците и самовработените, тука се вклучени и жените сопственички на микропретпријатија, на пример фризерски салони, козметички салони и бутици за облека, можеле да побараат финансиски надоместок во рамките на проектот за прва помош до март 2021 година. Во исто време обезбедените субвенции биле зголемени од октомври 2020 година. Работодавците што ги затвориле своите дуќани или што морале да ги затворат своите дуќани можеле да побараат помош и за вработените ангажирани после 1 март 2020 година, но не подоцна од 2 септември 2020 година. Во исто време групата на баратели на надоместок сега ги вклучува и правните лица и самовработените што ги основале своите бизниси после 1 февруари 2020 година, но не подоцна од 2 септември 2020 година. Надоместокот бил зголемен од 80 проценти од просечниот доход по вработен на 80 проценти од вкупните трошоци по вработен за периодот кога работодавецот

[32] Напишано врз основа на податоци обезбедени од истражувачките центри на парламентите и швајцарската Сојузна канцеларија за родова еднаквост, освен ако не е поинаку наведено.

имал проблеми. Во исто време, периодот за кој од нив ќе се бара да го задржат вработениот бил скратен од два месеца на еден месец за време на националната вонредна состојба. Групата на самовработени била проширена со оние што имаат обврска да платат здравствено и пензиско осигурување после 1 јули 2020 година. Во исто време, бил укинат условот со кој на овие лица им се забранува да имаат и дозвола за трговија и договор за вработување.

Швајцарската влада, исто така, презела мерки од економска природа. На пример, во Швајцарија бил донесен надоместок за финансиски загуби, со што се поддржуваат самостојните што се директно или индиректно погодени од службените затворања и забрани за настани. Тој, исто така, е наменет за самостојните уметници чиишто изведби биле откажани. Тие што се засегнати можат да добијат надоместок за загубените приходи.

## РОДИТЕЛСКИ ДОДАТОК И БЕНЕФИЦИИ ЗА НЕГА ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА/УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРИВАТНИОТ И НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ ЖИВОТ ЗА ВРЕМЕ НА КРИЗАТА

–

Во Естонија сите училишта, од основно до универзитети, се затворени со наредба на Владата од 16 март, редовната настава е заменета со е-учење, а за работата и организацијата на работата на градинките и дневните центри одлучуваат локалните власти и други оператори на градинки. Во зависност од локалните власти, родителите биле ослободени или делумно ослободени од плаќање надоместок за грижа за децата. Државата не ги обврза установите за грижа за деца да затворат, но ги повика родителите да не ги носат децата во градинка. Локалните власти биле обврзани да гарантираат дека ќе обезбедат грижа за децата доколку родителите морале да одат на работа, односно за родителите што работат, на пример, во здравство, полиција, служби за спасување, социјални служби, транспорт, производство на храна, самопослуги и сл. Исто така, низа од локалните власти продолжиле да обезбедуваат училишни оброци за деца (некои како топли оброци, а други како пакети со храна), но конкретната целна група (на пример, деца од семејства што се во тешка состојба и сл.) и други услови за училишни оброци биле утврдени од страна на локалните власти.

Во Естонија, исто така, бил одобрен привремен посебен додаток за родители на деца со посебни потреби на коишто им требал дополнителен надзор и поддршка како во учењето така и за личната хигиена дома. Овој додаток бил обезбеден како замена за приходот на родителот што поради потребата од нега за детето со посебни потреби бил привремено присилен да отсуствува од работа. Додатокот се доделувал на родител што се грижи за дете со тешка попреченост, дете со ослабен имунитет или дете со одредени посебни едукативни потреби, додека родителот морал да има пријавено неплатено отсуство. Износот на додатокот бил 70 проценти од просечната плата на родителот, при што минималниот месечен износ на додатокот бил 540 евра, а максималниот 1.050 евра. Мерката важела до крајот на вонредната состојба.

Како пример на добра практика од Словачка може да се смета воведувањето на можноста за меѓусебно менување на родителите кога добиваат бенефиција за нега. Во случај да се работи за дете помало од 11 години или во случај на дете до 18 години, кога детето е долгорочно со лоша здравствена состојба, нема потреба да се контактира педијатар (нема потреба педијатарот да потврди што било), правото на бенефиција за нега започнува автоматски откако училишната/предучилишната установа на детето ќе биде затворена. Агенцијата за социјално осигурување

на Словачка (СИА) доделува додаток за нега за дете на сите родители (вклучително и сурогат родителите) за деца до 11-годишна возраст без разлика дали одат или не одат во училиште/ предучилишна установа без потврда од лекар/ педијатар, односно и на оние родители што примале родителски додаток од Трудовата канцеларија или оние на коишто им завршило родителското отсуство пред детето да наполни три години, а, исто така, и на оние родители чиешто дете не било сместено во градинка, туку за него се грижел негувател/ баба или дедо итн. Родителите што примаат ваква бенефиција можат да се менуваат (дури и по неколку дена). За таков предлог неколкупати е дискутирано во последниот парламентарен состав (2016-2020) на словачкиот парламент, но никогаш не бил одобрен. Денес, родителите во Словачка што добиваат ваква бенефиција можат да се менуваат. Ова е новина, претходно само еден родител, најчесто жената, можел да добие ваква бенефиција. Ваквата промена обезбедува не само едниот родител, обично жената, да отсуствува од работа. Бидејќи училиштата се затворени долго време, родителите што остануваат дома со детето се менуваат.

Пандемискиот родителски додаток во Словачка им се дава на родителите што немаат право на родителски додаток бидејќи нивното дете наполнило три години (или шест години доколку има долгорочни здравствени проблеми) во текот на кризата. Додатокот ги опфаќа и децата згрижени од државата или ако поминале три години од донесувањето на првата одлука за згрижување на детето од страна на овластено лице. Овие лица треба да примаат додаток во ист износ како и регуларниот родителски додаток што го примале до завршувањето на кризата.
Швајцарската влада вовела мерки за ограничување на губењето на примањата поврзани со кризата. Родителите на деца помлади од 12 години можат да добијат додаток доколку мора да прекинат да се занимаваат со дејноста од која заработуваат бидејќи нема достапни установи за грижа за детето. Ова, исто така, важи и за еднородителските семејства. Се земаат предвид и случаите кога ранливи категории лица (на пр., баби и дедовци) веќе не можат да се грижат за детето. Додатокот покрива 80 проценти од претходните приходи. Времетраењето на достапноста на ваквиот додаток варира во согласност со ситуацијата. До 30 август 2020 година биле исплатени повеќе од 14.000 додатоци.

За да се обезбеди усогласување на приватниот и на професионалниот живот во текот на кризата, грижата за децата во дневни центри, дневни семејства и училишта била гарантирана во швајцарскиот кантон Берн. На 22 април 2020 година Советот на државата (Владата на кантонот) одлучил да им помогне на родителите што вонредно се грижеле за своите деца дома поради КОВИД-19 така што им ги покрил трошоците за установите за грижа за деца коишто не ги користеле поради пандемијата.
Германија обезбедила нови додатоци на платата за негувателите за да им се покрие делумно или во целост платата на родителите или на оние што се грижат за болни членови на семејството за време на пандемијата. Германија им обезбеди на родителите и дополнителни средства кога се затворени службите за грижа за деца и училиштата.[33]

[33] UNDP-UN Women. 2020. COVID-19 Global Gender Response Tracker: Global Fact Sheet. На интернет: https://www.undp.org/content/undp/en/home/librarypage/womens-empowerment/COVID-19-Global-Gender-Response-Tracker.html

## СОС ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ОНИЕ ШТО НЕ МОЖАТ ДА ПОБАРААТ ДРУГА ПОМОШ/ПРИСТАП ДО ДЕЛУМНА НЕВРАБОТЕНОСТ

–

Владата на Словачка за време на првиот бран на пандемијата со КОВИД-19 одобри СОС парична помош, а во текот на вториот бран ја обнови помошта посочувајќи го како причина прогласувањето вонредна состојба во земјата. Ова е износ до 300 евра и им се обезбедува на околу 10.000 баратели секој месец. Оние што го имаат изгубено својот приход поради кризата и не можат да побараат никаква друга помош, како проектот за заштита на работните места или помош од системите за социјално осигурување, државната социјална поддршка и социјалната помош, можат да поднесат барање за оваа парична помош. Иако оваа мерка се чини дека е родовонеутрална, во практика често го олеснува особено товарот врз жените.

Швајцарската влада, исто така, го олеснила пристапот до делумна невработеност. Работата со скратено работно време, исто така, била продолжена, а постапките за квалификување за ова биле поедноставени преку следниве мерки. До крајот на август 2020 година надоместокот за работа со скратено работно време, исто така, можел да им се исплати и на вработените со договор за работа на определено време, вработените што работеле на повик и лицата што работеле за привремени работни организации. До крајот на мај лицата што биле во позиција слична на работодавец и за сопружници или регистрирани партнери на такви лица, вработени во компанијата, како и за чираци, исто така, имале право на надоместок за работен ангажман со скратено работно време (првата група имала право на паушален додаток). Генерално, додатокот за работен ангажман со скратено работно време покрива 80 проценти од претходниот доход. Во моментот на најголемата искористеност на надоместокот за работен ангажман со скратено работно време во април 2020 година биле исплатени 2,7 милијарди швајцарски франци на 1,3 милион вработени.

## ПРОГРАМА ЗА НАДОМЕСТОК ЗА БОЛЕСТ/СЛОБОДНИ ДЕНОВИ ЗА ЛИЦА ШТО СЕ БОЛНИ

–

Програмата за надоместок за болест била привремено проширена да ги опфати и првите три дена од боледувањето коишто во Естонија претходно биле на сметка на самото лице.

Кантонот Шафхаузен во Швајцарија како работодавец во голема мера ги поддржува можностите за работа од дома. Бројот на отсуства поради грижа за деца се зголемил. Деновите за отсуство биле креирани за лица што се болни и за оние што мора да се грижат за болни членови на нивното домаќинство или други лица за кои грижата е задолжителна. Иако овие мерки се чини дека се родовонеутрални, во практика често го олеснуваат токму товарот врз жените.

Како што беше наведено претходно, Германија обезбеди нови додатоци на платата за негувателите за да им се покрие делумно или во целост платата на родителите или на оние што се грижат за болни членови на семејството за време на пандемијата.[34]

---

[34] UNDP-UN Women. 2020. COVID-19 Global Gender Response Tracker: Global Fact Sheet. На интернет: https://www.undp.org/content/undp/en/home/librarypage/womens-empowerment/COVID-19-Global-Gender-Response-Tracker.html

## МЕРКИ ЗА ДА СЕ ОПФАТАТ И ЗАШТИТАТ РАБОТНИЧКИТЕ ВО НЕФОРМАЛНИОТ СЕКТОР

–

Пандемијата со КОВИД-19 масовно ја погоди циркуларната миграција на негуватели што живеат каде што работат меѓу земјите во кои живеат и работат. Особено негувателките на стари лица од Словачка што работат во Австрија. Од тие причини Австрија побарала поедноставни правила за словачките негувателки во Австрија. Дополнително, Австрија во тоа време се сметала за ризична земја, па тие што влегувале во Словачка од Австрија требале да покажат или негативен ПЦР тест не постар од 72 часа или да се регистрираат на korona.gov.sk (телефонски број, место на изолација и име на матичниот лекар) и да одат во домашна изолација. При влезот во земјата треба да им се покаже на полициските службеници потврда за регистрацијата на веб-страницата. Меѓутоа, има одредени исклучоци, коишто ги вклучуваат негувателките на постари лица, но, исто така, и лица што треба да се грижат за членови на нивното семејство; здравствени работници; земјоделци чијашто земја е во рамките на 10 км оддалеченост од границите; социјални работници; прекугранични работници и некои спортисти и уметници.[35]

## МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА РОДОВОЗАСНОВАНОТО НАСИЛСТВО

–

Во Естонија полицијата, центрите за заштита на жртви, центрите за поддршка на жени, локалните власти и други институции и понатаму им помагаат на жртвите – бројот на служби не се намалил за време на пандемијата. Жртвите, исто така, се советуваат на телефонската линија за жртви којашто работи нонстоп и лицата можат да побараат помош и совет на естонски, руски и на англиски јазик. Дополнително, естонскиот Одбор за социјално осигурување, исто така, се фокусира на информативни кампањи. Во 2019 година била спроведена кампања чијашто порака била „Барањето помош е најголемо херојско дело", со која се сугерирало дека најважната работа е да се направи првиот чекор и да се побара помош. Оваа година, за време на пандемијата, хипотезата на кампањата била дека, можеби, жртвата на семејно насилство не може да побара помош со оглед на тоа дека и сторителот и жртвата се постојано дома и целта на информативната кампања била да се апелира до луѓето што набљудуваат од страна да забележат и да им помогнат на жртвите на семејно насилство (колегите и соседите коишто се свесни за насилството можат да помогнат да се стави крај на истото).

Насилството врз жените и семејствата било пријавувано пошироко од страна на јавноста за време на првиот бран на коронавирусот во Словачка. Вкупниот број повици на националната телефонска линија за жени што се жртви на насилство (NLWEV) на Институтот за трудови и семејни истражувања се удвоил во периодот меѓу март и јуни 2020 година кога Словачка ја прогласи првата вонредна состојба поради пандемијата. Советниците што работат за националната телефонска линија, како и аналитичарите на Центарот за координација и методологија за спречување на насилството, сметаат дека зголеменото медиумско покривање на појавата на насилството врз жените во Словачка може да е една од причините за пријавување семејно насилство. Исто така, еден од приоритетите на првата жена-претседател на Словачка, Зузана Чапутова, била помошта за време на пандемијата за жените, децата и другите групи лица што се изложени на семејно насилство. Социјалната изолација со која се спречува ширењето на вирусот за нив значи поголема ранливост и поголем ризик да бидат изложени на психолошко, физичко, сексуално и друго насилство. Во исто време

---

[35] Важи за ноември 2020 година, но состојбата можеби се сменила во текот на декември 2020 или јануари 2021 година.

има помалку опции за барање помош. Кризата покажа колку е потребно жртвите на семејно насилство да можат да се јават и да побараат помош брзо, безбедно и дискретно. Словачката полиција изработила алатка во облик на мобилна апликација. Апликацијата сега-засега е пуштена во употреба како пилот-верзија во регионот на Тренчин и постепено треба да се прошири на целата територија на Република Словачка. Апликацијата треба да помогне да се повика помош брзо, безбедно и дискретно.

Во текот на кризата Центарот за интервенција против семејно насилство во кантонот Берн лансирал кампања #stressathome чијашто цел била да се подигне свеста за проблемот на семејно насилство кај оние што се директно засегнати и сведоците. Во мај биле испратени пет пораки до жителите на кантонот Берн преку „Фејсбук“ и „Инстаграм“ подигнувајќи ја свеста за ова прашање.

На почетокот од кризата, стручните лица се плашеле дека проблемот со семејно насилство ќе се интензивира поради ограничената слобода на движење во Швајцарија. Конфедерацијата и кантоните формирале работна група за борба против семејното насилство со цел да можат редовно да ја преоценуваат состојбата на полето на семејното насилство, вклучително и прашањето на детската заштита. Меѓу активностите е вклучена и кампања со постери на тринаесет јазици за сите засегнати да знаат каде да побараат помош. Дополнително, неколку кантони ги приспособиле своите служби за поддршка и ги зголемиле своите сместувачки капацитети во засолништата за да се справат со можниот пораст на бројот на случаи на насилство. Во текот на целиот период на КОВИД-19 континуирано се гарантираат пристапот до советодавни услуги и итно сместување. Конфедерацијата, исто така, обезбедила и дополнителна финансиска поддршка на различни телефонски жешки линии. Конференцијата на кантонски директори за социјални прашања спровела кампања на социјалните мрежи со која информирала за бенефициите од поддршката за жртвите во Швајцарија. Оваа кампања е особено насочена кон младите луѓе што се жртви на семејно насилство. Работната група и понатаму редовно се состанува за да обезбеди континуирана координација, размена на информации и соработка меѓу конфедерацијата и кантоните. Досега полицијата нема забележано некој позначаен пораст на случаи на семејно насилство во Швајцарија. Меѓутоа, во некои од центрите за советување на жртвите се забележува тенденција во насока на пораст на бројот на нови пријави на случаи на семејно насилство. Ситуацијата варира од регион до регион/кантон до кантон.

„Веб-страницата на иницијативата #strongerthanviolence на Владата на Германија ги обединува постојните услуги за поддршка за жените што се жртви на насилство и нуди практични решенија. Како дел од оваа иницијатива, Владата ја лансираше на ниво на целата држава кампањата во супермаркетите „Не сте безбедни дома?“ со цел да се информираат лицата што се соочуваат со семејно насилство и нивните пријатели и семејства за услугите за помош и поддршка што се на располагање.[36]

Во Шведска дополнителни финансиски средства – околу 9 милиони евра (10,5 милиони амер. долари) – се обезбедени за организациите на граѓанското општество во поддршка на нивната работа во справувањето со насилството врз жените, децата и ЛГБТИК+ лицата од интимни партнери или членови на семејството.[37]

---

[36] UNDP-UN Women. 2020. *COVID-19 Global Gender Response Tracker: Factsheet: Europe, Northern America, Australia and New Zealand.* На интернет: https://www.undp.org/content/undp/en/home/librarypage/womens-empowerment/COVID-19-Global-Gender-Response-Tracker.html

[37] UNDP-UN Women. 2020. *COVID-19 Global Gender Response Tracker: Global Fact Sheet.* На интернет: https://www.undp.org/content/undp/en/home/librarypage/womens-empowerment/COVID-19-Global-Gender-Response-Tracker.html

## УЛОГАТА НА ПАРЛАМЕНТИТЕ

–

Главната улога на парламентите во такви кризи е да одговорат колку што е можно побрзо на мерките што ги презема владата, да соработуваат со владата и на крајот, но не помалку битно, да излезат со сопствени инцијативи, акциски планови и закони како одговор на лошата социоекономска состојба на нивните граѓани и, секако, при тоа да се земе предвид родовата перспектива во овој процес.

На пример, донесувањето закони по скратена постапка може да се смета за брз одговор. Во Словачка во вонредна состојба, кога основните човекови права и слободи или националната безбедност се загрозени или кога постои закана дека државата може да претрпи значителна економска штета, Националниот совет може на барање на Владата да одлучи да разгледа закон по скратена постапка. Споменатите мерки во Словачка речиси ексклузивно се усвојуваат со скратена законодавна постапка.

Во текот на првиот бран на пандемијата со КОВИД-19 кога била прогласена вонредна состојба во Естонија, Парламентот донел четири закони во две и пол недели во врска со мерките поврзани со ширењето на коронавирусот.

Во Швајцарија за време на пандемијата биле објавени неколку студии што се занимаваат со пандемијата од перспектива на еднаквоста. Тие студии може да послужат како добра основа за Владата и Парламентот при одлучувањето какви мерки треба да се преземат за да се избегнат негативните родови последици што произлегуваат од пандемијата. На пример, Швајцарската национална научна работна група за КОВИД-19, којашто ги советува властите во контекст на кризата, објави краток преглед на политики за прашања поврзани со еднаквоста.[38] Студија нарачана од Сојузната канцеларија за родова еднаквост (FOGE) и објавена во јуни 2020 година обезбеди индикации за еволуцијата на обемот на работа на населението во Швајцарија за време на пандемијата. Студијата покажува дека дополнителните задачи поврзани со школувањето од дома и намалувањето на можностите за грижа за децата влијаеле на работниот капацитет на испитаниците. Се утврди дека тоа влијание е поголемо врз жените што работат отколку врз мажите што работат.[39] Сојузниот институт за технологија на Лозана *(Ecole polytechnique fédérale de Lausanne)* во соработка со Институтот за истражување Идиап (*Idiap Research Institute*) и Институтот за психологија при Универзитетот на Лозана (*Institute of Psychology of the University of Lausanne*) објави студија за искуствата на швајцарските мажи и жени во периодот на самоизолација поради КОВИД-19, особено во однос на еднаквоста. Оваа студија покажува дека за време на пандемијата товарот врз жените бил несразмерен. Во Швајцарија „делумниот карантин резултирал со – или пораст на – многу облици на родова нееднаквост. Иако само 3 проценти од испитаниците изјавиле дека ја загубиле работата, 70 проценти од тие што останале без работа биле жени. Мнозинството жени, исто така, почувствувале дека нивните работни услови станале потешки; голем дел од нив кажале дека биле вработени во секторот на здравствени и социјални служби и затоа за нив постоел поголем ризик од инфекција. Исто така, една на секои две жени пријавила дека била единствената што била одговорна за школувањето од дома во споредба со мажите кај кои тој сооднос е еден на секои 10 мажи. Интересно е да се спомне дека значително повеќе мажи отколку жени изјавиле дека тоа била обврска што ја делеле. Конечно, најчесто младите вработени жени со диплома пријавиле дека презеле премногу обврски во домот“.[40] Швајцарската влада и парламент можат да ги искористат овие наоди за да усвојат политики за поддршка на девојчиња и жени.

---

[38] See more: ELSI Report. 2020. *Gender aspects of COVID-19 and pandemic response.* На интернет: https://sciencetaskforce.ch/wp-content/uploads/2020/10/Gender-aspects-of-COVID19-and-pandemic-response-14-May-20-EN.pdf

[39] See more: FOGE. 2020. *Schweizer Familien in der COVID-19-Pandemie.* На интернет: https://www.newsd.admin.ch/newsd/message/attachments/61708.pdf

[40] EPFL, the Idiap Research Institute and the University of Lausanne's Institute of Psychology. 2020. *How the Swiss fared under partial lockdown.* На интернет: https://actu.epfl.ch/news/how-the-swiss-fared-under-partial-lockdown/

# Препораки за промена на постојните политики и воведување нови политики во Северна Македонија

–

Резултатите од анкетата покажаа дека, според мнозинството жени, државната помош и мерките што биле преземени за намалување на негативните социоекономски ефекти на пандемијата не биле доволни. Наодите, исто така, сугерираат дека во последните 6 месеци само 25 проценти од испитаничките користеле некаков вид помош, финансиска мерка, помош поврзана со работата или социјална помош. Осумдесет проценти од испитаничките не користеле никаква помош. Меѓутоа, тоа не значи дека жените и девојчињата немале потреба од државна помош. Тоа, исто така, може да значи дека не ги исполнувале условите за добивање некаква помош и на тој начин не можеле да се пријават. Кога се донесуваат социоекономски мерки, важно е најголемиот можен дел од засегнатото население да може да се пријави за нив и таа „државна сигурносна мрежа" да биде доволна за луѓето што имаат потреба да останат на страна. Со таа цел, во овој дел ќе бидат предложени препораки за промена на постојните политики и воведување нови политики во Северна Македонија.

## ПРЕПОРАКИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ МЕРКИ ЗА НАДОМЕСТОК НА ПРИХОДИТЕ

–

Генерално, можно е да се предложи усвојување парична помош, којашто ќе го гарантира доходот на вработените и ќе им помогне на работодавците да ги надминат привремените тешкотии без да имаат потреба од отпуштање вработени или одење под стечај, особено за секторите што најмногу се погодени од пандемијата, а каде што жените вообичаено се најзастапени или доминираат. Оваа парична помош ќе ја исплаќа државата на вработените чиишто работодавци се погодени од вонредните околности предизвикани од КОВИД-19.

Друга препорака е да се усвои финансиски надоместок за самовработени лица, кој, исто така, ги опфаќа и жените сопственички на микропретпријатија, како што се фризерски салони, козметички салони и бутици за облека. Овие занимања не можеа да функционираат за време на пандемијата поради високиот ризик од инфекција со вирусот при извршувањето на нивната работа.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ТОВАРОТ НА ЖЕНИТЕ ШТО СЕ ГРИЖАТ ЗА ДЕЦАТА, СЕМЕЈСТВОТО, ПОСТАРИТЕ ЛИЦА И ДОМАЌИНСТВОТО

–

Резултатите од анкетата потврдија дека неплатената домашна работа и понатаму наметнува значителен товар врз жените. Во однос на неплатената домашна работа, како што е планирање и приготвување храна, чистење, грижа за деца, постари лица и лица со попреченост, помош околу училишни обврски, лесно може да се види дека обврските главно биле менаџирани од жени. Врз основа на тоа, соодветно е да се препорача промена на мерката усвоена со затворањето на градинките и на училиштата во Северна Македонија, со која се

обезбедило право на ослободување на еден од родителите за да се грижи за дете помало од 10 години за време на кризата, а во практика почесто била користена од жените. Вреди да се размисли за воведување можност родителите да се менуваат во грижата за децата или дури и за постари лица. Родителите што се грижат за деца или постари лица треба да имаат право на менување (дури и на неколку дена) и да добиваат додаток за нега. Ваквата промена би можела да овозможи да не биде само едниот родител отсутен од работа, обично жената.

Втората опција е да не се обврзуваат установите за грижа за деца да затворат, туку да се повикаат родителите да не ги носат децата во установите за грижа за деца како во Естонија. Локалните власти треба да бидат обврзани да гарантираат дека ќе обезбедат грижа за децата доколку родителите мораат да одат на работа, односно за родителите што работат, на пример, во здравство, полиција, служби за спасување, социјални служби, транспорт, производство на храна, самопослуги и сл.  Исто така, локалните власти можат да обезбедат училишни оброци за деца (некои како топол оброк, некои како пакет со храна), при што целна група би им биле оние што особено се погодени од пандемијата.

## СОС УНИВЕРЗАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ОНИЕ ШТО НЕ МОЖАТ ДА ПОБАРААТ ДРУГА ПОМОШ/ ПРИСТАП ДО ПОМОШ ЗА ДЕЛУМНА НЕВРАБОТЕНОСТ

–

За време на пандемијата постои шанса некои жени да не можеле да се пријават за некаква социоекономска помош поради поставените критериуми за пристап. Оттука, би било соодветно да се размисли за воведување СОС универзална парична помош за која би можеле да се пријавуваат жени што го изгубиле изворот на приход или не можат да најдат работа поради кризната ситуација и не можат да побараат некаква друга помош, како проектот за зачувување на работните места или помошта од системите за социјално осигурување, државната социјална поддршка и социјална помош.

Друга опција е да се олесни пристапот до делумна невработеност. Работата со скратено работно време може да се продолжи, а постапките за квалификување за таква помош би можеле да се поедностават преку слични мерки како тие што ги усвоила швајцарската влада. Како, на пример, надоместок за скратено работно време може да им се исплати и на вработените со договор за работа на определено време, вработените што работат на повик и на лицата што работат за привремени работни организации. Лицата што се во позиција слична на работодавец и за сопружниците или регистрираните партнери на такви лица, вработени во компанијата, како и за чираци, исто така, може да имаат право на надоместок за работен ангажман со скратено работно време. Генерално, надоместокот за невработеност ќе покрие 80 проценти од претходниот доход.

## ПРОГРАМА ЗА НАДОМЕСТОК ЗА БОЛЕСТ/СЛОБОДНИ ДЕНОВИ ЗА ЛИЦА ШТО СЕ БОЛНИ

–

Неколку стручни написи тврдат дека жените, можеби, се повеќе изложени на КОВИД-19. „Може да е поради тоа што повеќе жени се вработени во служби што даваат нега и што се во првите редови поради што се изложени на поголем контакт (како, на пример, касиерки, хигиеничарки и медицински сестри). На глобално ниво, околу 70 проценти од здравствените работници се жени и тоа може да е една од главните причини за високата стапка на заразени жени (како и повисоката стапка на тестирање жени)".[41] Државата треба да разгледа дали е таква состојбата и во Северна Македонија и да се земе предвид кога ќе се одобрува надоместок за болест.

Програмата за надоместок за болест може да биде привремено проширена за да опфати најмалку 10 дена боледување, што е минималното времетраење на карантинот. За време на карантинот, вработениот ќе има право на надоместок за болест во соодветен износ, а поднесувањето на барањето за таков надоместок треба да се овозможи без да се оди кај надлежниот орган, што значи да биде електронски.

Втората опција е да се гарантираат можности за работа од дома или денови за отсуство за лица што се болни и за оние што мора да се грижат за болни членови на нивното домаќинство или други лица за кои грижата е задолжителна. Иако овие мерки се родовонеутрални, во практика често го олеснуваат токму товарот врз жените.

## ПРЕПОРАКА ЗА ДА СЕ ОПФАТАТ И ЗАШТИТАТ ЖЕНИТЕ-МИГРАНТИ ШТО РАБОТАТ ВО НЕФОРМАЛНИОТ СЕКТОР

–

Како што беше наведено, пандемијата со КОВИД-19 сериозно ја погоди циркуларната миграција на негуватели што живеат таму каде што работат меѓу земјите од каде што доаѓаат и домовите за стари лица во други земји, и тоа особено негувателките на постари лица. Затоа државите не треба целосно да се затворат, туку да преговараат и да се обидат да ги поедностават правилата за негувателките, со цел жените да не останат без работа, а старите лица без нега и помош.

## ПРЕПОРАКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА РОДОВОЗАСНОВАНОТО НАСИЛСТВО

–

Во сите земји во светот полицијата, службите за поддршка на жртвите, центрите за поддршка на жените, локалните власти и други институции мора да продолжат да им помагаат на жртвите. Особено во време на пандемија е неопходно да не се запостави темата за семејно насилство и многу да се дискутира за неа – бројот на услуги не може да се намали. Многу се важни телефонските линии за помош достапни нонстоп и треба да се достапни на сите јазици што се користат во Северна Македонија.

Дополнително важно е фокусот да биде на кампањите за информирање. Од резултатите од анкетата се гледа дека мнозинството од испитаничките не знаат или немаат информации за оваа негативна појава. Тоа може да значи дека дебатата и знаењата за волку важна тема, како што е семејно насилство, сè уште не се доволни во Северна Македонија. Овој

---

[41] Clint Witchalls. 2020. *How COVID-19 puts women at more risk than men.* На интернет: https://theconversation.com/how-COVID-19-puts-women-at-more-risk-than-men-in-gauteng-south-africa-150570

наод, исто така, е потврден и од одговорите на испитаничките на други прашања: Дали знаете која институција или организација на граѓанското општество дава помош или заштита на оние на кои им е потребна поради физичко или психолошко насилство (семејно насилство)? Големото мнозинство од испитаничките (78 проценти) не знаат. Само 7 проценти од испитаничките ги спомнаа социјалните институции и услуги, помалку од 5 проценти од испитаниците ги спомнаа Центарот за социјална работа (4,4 проценти), Министерството за внатрешни работи (3 проценти), Министерството за труд и социјална политика (2 проценти), НВО (2 проценти) и СОС телефони за семејно насилство (само 0,3 проценти). Оттука, релевантните фактори во Северна Македонија можат да бидат инспирирани од кампањата спроведена во Естонија, чијашто цел е да се апелира кај луѓето што набљудуваат од страна да забележат и да им помогнат на жртвите на семејно насилство, како, на пример, колегите и соседите што се свесни за насилството во врската, да помогнат да се стави крај на насилството (во текот на пандемијата хипотезата на кампањата била дека жртвата на семејно насилство не може да побара помош со оглед на тоа дека сторителот и жртвата постојано се дома заедно). Друг пример што може да се искористи во Северна Македонија е кампањата со постери на сите јазици што се користат за сите што се засегнати да знаат каде да најдат помош. Дополнително, службите за поддршка на жртвите можат да ги зголемат своите сместувачки капацитети во засолништата за да се справат со можниот пораст на бројот на случаи на насилство. Во текот на целиот период на КОВИД-19 во Швајцарија континуирано се гарантираат пристапот до советодавни услуги и итно сместување. Конфедерацијата, исто така, обезбедила и дополнителна финансиска поддршка на различни телефонски жешки линии. Понатаму, Конференцијата на кантонски директори за социјални прашања спровела кампања на социјалните мрежи со која информирала за бенефициите од поддршката за жртвите, што може да послужи како пример на добра практика за Северна Македонија.

На крајот, но не помалку важно, полицијата во соработка со Владата и другите институции може да се обиде да креира алатка во облик на мобилна апликација. Социјалната изолација, со која земјите го спречуваат ширењето на вирусот, за жените децата и други групи луѓе што се соочени со семејно насилство значи поголема ранливост и поголем ризик да бидат изложени на психолошко, физичко, сексуално или друго насилство. Во исто време има помалку опции за барање помош. Во Словачка таква апликација била пуштена во употреба како пилот-апликација во 2020 година. Апликацијата треба да помогне да се повика помош брзо, безбедно и дискретно.

Како што беше спомнато, владите и парламентите во светот имаат преземено одредени чекори за да се справат со негативните социоекономски последици од пандемијата со КОВИД-19. Некои се повеќе, други помалку успешни во тоа. Кога се усвојуваат мерки, важно е најголемиот можен дел од засегнатото население да може да се пријави за нив и таа „државна сигурносна мрежа“ да биде доволна за луѓето што имаат потреба да останат на страна. Меѓутоа, важно е да се проценат мерките што се преземени и ако е потребно да се променат, но и да постои волја да бидат инспирирани од примерите на добри практики од други земји. Исто така, треба да се има предвид дека за време на кризни ситуации е потребно повеќе од кога било да не се заборави дека „мерките се потребни за да се зајакне интеграцијата на знаењето, искуството и стручноста на жените и на други маргинализирани групи во политичките и општествените организации како и во медиумите и во други јавни сфери“. [42]

---

[42] ELSI Report. 2020. *Gender aspects of COVID-19 and pandemic response*. На интернет: https://sciencetaskforce.ch/wp-content/uploads/2020/10/Gender-aspects-of-COVID19-and-pandemic-response-14-May-20-EN.pdf

# Заклучок

Нашиот истражувачки труд и други меѓународни студии за оваа и претходни епидемии покажуваат дека овие типови на кризи различно влијаат врз жените во споредба со мажите. Една од причините е дека често мора да се справат со товарот на намалена вработеност, од една страна, и зголемената потреба од грижа за децата, од друга страна. И покрај фактот дека актуелната криза има големо влијание врз голем број сектори и професии споредено со „регуларните" рецесии, коишто посериозно влијаат врз вработеноста на мажите отколку на жените, падот во вработеноста поврзан со мерките за социјално дистанцирање многу ги погодува секторите со висок удел на вработени жени. Дополнително, затворањето на училиштата и на дневните центри масовно ја зголеми потребата од грижа за децата, што има особено големо влијание врз вработените мајки.[43] Литературата, податоците и наодите претставени во овој документ потврдија дека жените и девојчињата имаат претрпено голема социјална и економска штета од пандемијата со КОВИД-19.

Целта на овој труд е да се идентификуваат стратегиските мерки и директната поддршка коишто делотворно се справуваат со економските последици од КОВИД-19 врз жените и девојчињата во Европа. Истражувачкиот труд ќе ги посочи најдобрите практики од одредени европски земји во врска со социоекономските мерки чијашто цел е елиминирање на негативните ефекти на КОВИД-19 врз жените, вклучително и улогата на парламентите во надзорот на јавните политики. Врз основа на примерите на добра практика од земјите што се анализирани – Естонија, Германија, Словачка, Шведска и Швајцарија – и резултатите од телефонската анкета за ефектите од КОВИД-19 врз различни категории жени во Северна Македонија, овој труд препорачува како да се приспособат постојните национални програми за социјална заштита за да се обезбеди приход за секторите што се погодени од КОВИД-19, а во кои жените се доминантно застапени, и да се зајакне надзорната улога на Парламентот врз спроведувањето на владините мерки за борба против КОВИД-19 и предложеното воведување нови политики во Северна Македонија.

Беа потврдени хипотезите што претпоставија дека жените се соочуваат со ризик да страдаат повеќе отколку мажите од нарушувањата во трговијата како резултат на пандемијата со КОВИД-19 и дека е поголем делот на жените што остануваат без работа поради неплатената домашна работа и нега за време на пандемијата во Северна Македонија. Ние ги потврдивме хипотезите врз основа на достапните статистички податоци и резултатите од телефонската анкета. Жените имаат многу пониски стапки на формална вработеност во споредба со мажите, додека повеќе од половина од неактивните лица на пазарот на трудот се жени. Исто така, жените што се формално вработени заработуваат помалку од мажите поради нивната пониска застапеност на раководни позиции, нивната дискриминација на пазарот на трудот и повисоката застапеност во индустриите со пониско вреднување на трудот и пониски плати. Мажите

---

[43] Alon et al. 2020. *THE IMPACT OF COVID-19 ON GENDER EQUALITY.* На интернет: https://www.nber.org/system/files/working_papers/w26947/w26947.pdf

претставуваат мнозинство меѓу работодавците и самовработените. Жените претставуваат мнозинство меѓу вработените во образованието, здравството и социјалната заштита. Тие, исто така, се мнозинство во текстилната индустрија, каде што најголемиот дел добиваат плати пониски од просечната“.[44] Овие сектори беа силно погодени од кризата со КОВИД-19.

Нашата анализа, исто така, потврдува дека сѐ уште има тренд на несразмерен товар врз жените кога се работи за неплатена домашна работа и давање нега. Резултатите од анкетата во однос на неплатената домашна работа, како што е планирање и приготвување храна, чистење, грижа за деца, постари лица и лица со попреченост, помош околу училишни обврски, потврдуваат дека овие обврски речиси исклучиво паѓаат на товар на жените.

Друг интересен наод на овој документ е дека многу жени и девојчиња не знаат или немаат информации за родовозасновано насилство. Тоа може да значи дека дебатата и знаењата за олку важна тема, како што е семејното насилство, сѐ уште не се доволно присутни во Северна Македонија. Овој наод ја нагласува важноста на кампањите за информирање чијашто цел е да се подигне свеста за оваа негативна појава.

Зборовите на претседателот Стево Пендаровски, исто така, потврдуваат дека пандемијата со КОВИД-19 ја продлабочува родовата нееднаквост и ја нагласува релевантноста на трансформативната визија поставена во Пекиншката декларација. Според него, „од клучна важност е да се демонстрира политичка волја и опипливи напори за омоќување на жените и девојчињата“.[45] Како заклучок може да се каже дека пандемијата во Северна Македонија ги направи постојните структури повидливи: жените доминираат меѓу вработените во секторите што се силно погодени од кризата со КОВИД-19 (образование, здравство, социјална заштита, текстилна индустрија, продажба на прехранбени производи, аптеки, продавници и супермаркети, финансиски услуги и одржување хигиена, итн.). Во Северна Македонија жените веќе имаат преземено повеќе обврски во домаќинството. Во овие вонредни времиња, товарот има повеќекратно дејство. Оттука, многу е важно зборовите на претседателот на Северна Македонија да бидат научени и од други политичари, било да се членови на Владата или на Собранието, и од оние што се одговорни да предлагаат акции, мерки, акциски планови и закони чијашто цел е да се постигнат родовоеднакви социоекономски политики за време на кризи, но и кога нема криза. Овој труд може да послужи како основа за започнување дебата, стимулирање на усвојувањето нови политики и менување на веќе усвоените за да се земат предвид родовата перспектива и родовото влијание на кризата со КОВИД-19.

---

[44] Marija Bashevska - UN Women. 2020. *RAPID GENDER ASSESSMENT: THE IMPACT OF COVID-19 ON WOMEN AND MEN IN NORTH MACEDONIA.* На интернет: https://www2.unwomen.org/-/media/field percent 20office percent 20eca/attachments/publications/2020/09/rga_the percent 20impact percent 20of percent 20COVID-19_nm_eng_final_2020_09_29-min.pdf?la=en&vs=2420

[45] UN General Assembly. 2020. *Progress towards gender equality under threat, world leaders warn as General Assembly marks twenty-fifth anniversary of landmark women's rights conference.* На интернет: https://reliefweb.int/report/world/progress-towards-gender-equality-under-threat-world-leaders-warn-general-assembly-marks

# Библиографија


Alon et al. 2020. *THE IMPACT OF COVID-19 ON GENDER EQUALITY.* На интернет: https://www.nber.org/system/files/working_papers/w26947/w26947.pdf

CDC. 2020. *Pandemics can be stressful.* На интернет: https://www.cdc.gov/coronavirus/2019-ncov/daily-life-coping/managing-stress-anxiety.html

Clint Witchalls. 2020. *How COVID-19 puts women at more risk than men.* На интернет: https://theconversation.com/how-COVID-19-puts-women-at-more-risk-than-men-in-gauteng-south-africa-150570

ELSI Report. 2020. *Gender aspects of COVID-19 and pandemic response.* На интернет: https://sciencetaskforce.ch/wp-content/uploads/2020/10/Gender-aspects-of-COVID19-and-pandemic-response-14-May-20-EN.pdf

EPFL, the Idiap Research Institute and the University of Lausanne's Institute of Psychology. 2020. *How the Swiss fared under partial lockdown.* На интернет: https://actu.epfl.ch/news/how-the-swiss-fared-under-partial-lockdown/

European Institute for Gender Equality (EIGE).2020. *More equal sharing of care would reduce workplace gender inequality.* На интернет: https://eige.europa.eu/news/more-equal-sharing-care-would-reduce-workplace-gender-inequality

FOGE. 2020. *Schweizer Familien in der COVID-19-Pandemie.* На интернет: https://www.newsd.admin.ch/newsd/message/attachments/61708.pdf

IFRC. 2020. *Prevention and response to Sexual and Gender-Based Violence in COVID-19.* На интернет: https://reliefweb.int/sites/reliefweb.int/files/resources/IFRC-SGBV-COVID-19-Technical-Guidance-Note-FINAL_14May.pdf

Leiblfinger M.; Prieler V.; Schwiter K.; Steiner J.; Benazha A.; Lutz H. 2020. *Impact of COVID19 Policy Responses on LiveIn Care Workers in Austria Germany and Switzerland.* На интернет: https://journal.ilpnetwork.org/articles/10.31389/jltc.51/print/

Marija Bashevska - UN Women. 2020. *RAPID GENDER ASSESSMENT: THE IMPACT OF COVID-19 ON WOMEN AND MEN IN NORTH MACEDONIA.* На интернет: https://www2.unwomen.org/-/media/field percent 20office percent 20eca/attachments/publications/2020/09/rga_the percent 20impact percent 20of percent 20COVID-19_nm_eng_final_2020_09_29-min.pdf?la=en&vs=2420

McKinsey Global Institute. 2020. *COVID-19 and gender equality: Countering the regressive effects.* На интернет: https://www.mckinsey.com/featured-insights/future-of-work/COVID-19-and-gender-equality-countering-the-regressive-effects#

Roma National Center in partnership with UN Women. 2020. *Roma population is affected disproportionately by the COVID-19 pandemic.* На интернет: https://moldova.unwomen.org/en/noutati-si-evenimente/noutati/2020/09/roma-women

SASKIA BRECHENMACHER, CAROLINE HUBBARD. 2020. *How the Coronavirus Risks Exacerbating Women's Political Exclusion.* На интернет: https://carnegieendowment.org/2020/11/17/how-coronavirus-risks-exacerbating-women-s-political-exclusion-pub-83213

Shalini Mittal; Tushar Singh. 2020. *Gender-Based Violence during COVID-19 Pandemic: A Mini-Review.* На интернет: https://www.frontiersin.org/articles/10.3389/fgwh.2020.00004/full

TNH. 2018. *Unpaid Care and Domestic Work.* На интернет: https://deeply.thenewhumanitarian.org/womensadvancement/background/unpaid-care-and-domestic-work

UNDP-UN Women. 2020. *COVID-19 Global Gender Response Tracker: Factsheet: Europe, Northern America, Australia and New Zealand.* Online: https://www.undp.org/content/undp/en/home/librarypage/womens-empowerment/COVID-19-Global-Gender-Response-Tracker.html

UNDP-UN Women. 2020. *COVID-19 Global Gender Response Tracker: Global Fact Sheet.* На интернет: https://www.undp.org/content/undp/en/home/librarypage/womens-empowerment/COVID-19-Global-Gender-Response-Tracker.html

UN General Assembly. 2020. *Progress towards gender equality under threat, world leaders warn as General Assembly marks twenty-fifth anniversary of landmark women's rights conference.* На интернет: https://reliefweb.int/report/world/progress-towards-gender-equality-under-threat-world-leaders-warn-general-assembly-marks

UN Women.2020. *Addressing the Impacts of the COVID-19 Pandemic on Women Migrant Workers.* На интернет: https://reliefweb.int/sites/reliefweb.int/files/resources/guidance-note-impacts-of-the-COVID-19-pandemic-on-women-migrant-workers-en.pdf

UN Women. 2020. *THE IMPACT OF COVID-19 ON WOMEN'S AND MEN'S LIVES AND LIVELIHOODS IN EUROPE AND CENTRAL ASIA: Preliminary Results from a Rapid Gender Assessment.* На интернет: https://eca.unwomen.org/en/digital-library/publications/2020/07/the-impact-of-covid19-on-womens-and-mens-lives-and-livelihoods

UN WOMEN. 2020. *The Shadow Pandemic: Violence against women during COVID-19.* На интернет: https://www.unwomen.org/en/news/in-focus/in-focus-gender-equality-in-COVID-19-response/violence-against-women-during-COVID-19

UNAIDS.2020. *Six Concrete Measures To Support Women And Girls In All Their Diversity In The Context Of The COVID-19 Pandemic.* На интернет: https://www.unaids.org/sites/default/files/media_asset/women-girls-covid19_en.pdf

UNHCR. 2020. *Many Roma families are particularly vulnerable in the current crisis of COVID-19.* На интернет: https://www.unhcr.org/ua/en/21189-many-roma-families-are-particularly-vulnerable-in-the-current-crisis-of-COVID-19.html

Телефонска анкета ((CATI) Computer Assisted Telephone Interview) спроведена од ТИМ Институт.

Податоци обезбедени од истражувачките центри на парламентите и на швајцарската Сојузна канцеларија за родова еднаквост.

# Анекс 1: Истражување на влијанието на КОВИД-19 пандемијата врз жените и девојчињата

–

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

## ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА КАЈ ЖЕНИ И ДЕВОЈКИ

СПРОВЕДЕНО ОД ПРОГРАМАТА
ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА И ТИМ ИНСТИТУТ

ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME

# Содржина


**Истражување помеѓу граѓани**

I Методологија на истражување

II Демографска структура на испитаниците

III Општа секција

IV Финансиски последици

V Користење помош / финансиски мерки

VI Грижа за децата и постарите лица / лица со попреченост

VII Здравствена заштита

VIII Предизвици

IX Профили на групи

IX **Истражување со претставници од граѓанското општество и државните институции кои работат со жени и девојки**

# I. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ- КВАНТИТАТИВНО ИСТРАЖУВАЊЕ

## НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК ОД 1.1000 ИСПИТАНИЦИ

## БУСТРИРАН ПРИМЕРОК ОД 370 ИСПИТАНИЦИ

| Методологија на истражување | Квантитативно истражување: Телефонско (CATI) истражување | Квантитативно истражување: Телефонско (CATI) истражување |
|---|---|---|
| **Временска рамка** | 21 - 25 Ноември, 2020 | 25 – 30 Ноември, 2020 |
| **Популација** | Жени кои се граѓани на Република Северна Македонија, возраст 18+ | Неформално вработени жени, жени сопственички на бизис, жени земјоделци, жени од ромска националност ангажирани на пазарот на труд, млади жени со потенцијал за претприемништво |
| **Дизајн на примерок** | Национално репрезентативен повеќестепен стратификуван примерок на 1,100 жени на возраст 18+. Домаќинствата се дистрибуирани пропорционално во урбани и рурални населени места, имајќи ја предвид етничката припадност на граѓаните | Бустриран примерок од 370 жени на возраст 18+<br>75 испитанички во секоја од гореспоменатите групи |
| **Големина на примерок** | 1,100 испитаници<br>Маргина на грешка ±2.95%<br>Ниво на доверба 95% | 370 испитаници |
| **Истражувачки тим** | Анкетарска мрежа од 27 обучени телефонисти | |
| **Просечно времетраење на едно интервју** | 22 минути | |

# ЗАБЕЛЕШКИ

- ✓ Предвидената **маргина на грешка за ова истражување изнесува ±2.95** процентни поени на 95% ниво на доверба.
  - Што ова значи? **Доколку истото истражување се спроведе 100 пати, очекуваме во 95** од тие истражувања **процентите на одговори да бидат некаде помеѓу оваа маргина на грешка**.
  - **Маргината на грешка е поголема помеѓу различни подгрупи на испитаници,** на пример помеѓу етничките Македонци и етничките Албанци.

- ✓ Истражувањето дава податоци за ставовите и мислењата на граѓаните за **одреден временски интервал**. Истото подлежи на промена со текот на времето.

- ✓ Сите истражувања можат да бидат **подложни на различни извори на грешки**, вклучувајќи ги, грешката на примерок, грешката на достапноста на испитаниците и грешката на мерење.

- ✓ Заради **заокружување на процентите**, збирот на процентите некогаш може да биде различен од 100.

# II. ДЕМОГРАФСКА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ

# ДЕМОГРАФСКА СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ

## Дистрибуција според регион




## Дистрибуција според место на живеење

Урбани населени места 58%

Рурални населени места 42%

## Дистрибуција според етничка припадност

Македонки 67%

Албанки 24%

Останати 9%

## Дистрибуција според пол



100%

## Дистрибуција според возрасни групи

18-34 30%

35-54 39%

55+ 31%

ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME

# III. ОПШТА СЕКЦИЈА

ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME

# ОПШТА СЕКЦИЈА

## Q1. Колку сте загрижена за ситуацијата со КОВИД-19 во земјата?

**НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК**




БАЗА: 1100
(сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.95

ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME

# ОПШТА СЕКЦИЈА

**НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК**

## Q2. За што сте НАЈМНОГУ загрижена?




БАЗА: 1100
(сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.95

# ОПШТА СЕКЦИЈА

**Q3. Колку сте оптимистка дека земјата ќе се справи со КОВИД-19 кризата, на скала од 1 до 5 каде 1=Воопшто не сум оптимистка, додека 5 =Многу сум оптимистка?**

**НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК**




БАЗА: 1100
(сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.95

ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME

# ОПШТА СЕКЦИЈА

**Q4. Колку сте оптимистка дека земјата ќе се справи со последиците од пандемијата за време на кризата со КОВИД-19 за секоја од долунаведените области?**

**НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК**




БАЗА: 1100 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.95

# Северна Македонија: Влијанието на КОВИД-19 пандемијата кај жени и девојчиња
## Наоди од телефонско истражување

**86%** Најголемиот дел од жените се многу или донекаде загрижени за КОВИД-19 кризата во земјата

**93%** се најмногу загрижени за нивното здравје и за здравјето на нивното семејство и пријателите

**47%** се загрижени за финансиската состојба на нивното домаќинство

**26%** од жените се оптимисти дека државата ќе се справи со КОВИД-19 кризата, особено во однос на здравството и образованието




ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА
PROGRAMI PËR MBËSHTETJE PARLAMENTARE
PARLIAMENT SUPPORT PROGRAMME

NDI National Democratic Institute · Собрание на Република Северна Македонија · Swiss Agency for Development and Cooperation SDC · IDSCS · Центар за управување со промени

# IV. ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

# ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

**Q5. Колку сте загрижена за економските последици од КОВИД-19 кризата во земјата?**

**НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК**




БАЗА: 1100 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.95

НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК

# ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

**Q6. Колку сте загрижена за финансиската ситуација во вашето домаќинство поради КОВИД-19 кризата?**




БАЗА: 1100 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.95

# ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

## Q7. Колку сте загрижена за безбедноста на Вашето работно место поради КОВИД-19 кризата?

### НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК




БАЗА: 1100 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 2.95

### 45% ОД ГРАЃАНИТЕ КОИ СЕ СО АКТИВЕН РАБОТЕН СТАТУС




БАЗА: 493 ( испитаници со активен работен сатус)

# ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

**Q7. Колку сте загрижена за безбедноста на Вашето работно место поради КОВИД-19 кризата?**




БАЗА: 493 ( испитаници со активен работен сатус)

# ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК

**Q8. Ве молам да ја процените Вашата финансиска ситуација во изминатите шест месеци.**




СПОРЕД НАЦИОНАЛНОСТ




БАЗА: 1100 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 2.95

# ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

**Q8b. Ве молиме наведете ја причината за влошувањето на Вашата финансиска состојба.**

**НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК**




БАЗА: 1100 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.95

## 35% ОД ГРАЃАНИТЕ КОИ ЈА ОЦЕНИЛЕ ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА КАКО ПОЛОША




БАЗА: 382 испитаници кои ја оцениле финансиската состојба како полоша

НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК

# ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

## Q9. Дали Вие или член на Вашето домаќинство сте останале без работа како последица од КОВИД-19 кризата?




БАЗА: 1100 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 2.95

СПОРЕД НАЦИОНАЛНОСТ



# ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

**НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК**

## Q9a. Во кој сектор бевте Вие лично вработена?

4% ОД ГРАЃАНИТЕ КОИ ГО ЗАГУБИЛЕ РАБОТНОТО МЕСТО

- Активности поврзани со сместување и прехрамбени услуги (16 испитаници)
- Трговија на големо и мало, поправка на моторни возила и мотори (12 испитаници)
- Производство (5 испитаници)
- Други услужни активности (4 испитаници)
- Уметност, забава и рекреација (3 испитаници)
- Финансиски и осигурителни активности (3 испитаници)
- Јавна администрација и одбрана, задолжително социјално (2 испитаници)
- Информации и комуникација (2 испитаници)
- Образование (1 испитаник)

БАЗА: 48 испитаници кои го загубиле работното место

# ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК

**Q10. Дали Вие или член на Вашето домаќинство имате пониски приходи (плата / пензија / хонорар) сега во споредба со периодот пред кризата со КОВИД-19?**




БАЗА: 1100 (сите испитаници)
Маргина на грешка + 2.95

СПОРЕД НАЦИОНАЛНОСТ



# IV. ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ
## кај различни групи

ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME

# ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

**Q13. Дали кризата со КОВИД-19 влијае врз можноста Вие да набавите материјали и сè друго што Ви е потребно за Вашата работа?**
**Q13a. На кој начин КОВИД-19 кризата влијаеше врз можноста да набавите материјали и сè друго што Ви е потребно за Вашата работа?**

**САМОВРАБОТЕНИ ЖЕНИ, СОПСТВЕНИЧКИ НА БИЗНИС/ ЗЕМЈОДЕЛЦИ/ ХОНОРАРЦИ**




База: 218 испитаници

**35% НА САМОВРАБОТЕНИ ЖЕНИ, СОПСТВЕНИЧКИ НА БИЗНИС/ ЗЕМЈОДЕЛЦИ/ХОНОРАРЦИ, КОИ ИЗЈАВИЛЕ ДЕКА КОВИД-19 КРИЗАТА ВЛИЈАЕЛА ВРЗ МОЖНОСТА ДА НАБАВАТ МАТЕРИЈАЛ ПОТРЕБЕН ЗА НИВНАТА РАБОТА**




База: 77 испитаници

# ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

**Q14. Дали кризата со КОВИД-19 влијае врз можноста Вие да ги пласирате / продадете вашите производи / услуги?**
**Q15. На кој начин, КОВИД-19 влијаеше врз можноста да ги пласирате / продадете вашите производи / услуги?**

**САМОВРАБОТЕНИ ЖЕНИ, СОПСТВЕНИЧКИ НА БИЗНИС/ ЗЕМЈОДЕЛЦИ/ХОНОРАРЦИ**




База: 218 испитаници

**58% САМОВРАБОТЕНИ ЖЕНИ, СОПСТВЕНИЧКИ НА БИЗНИС / ЗЕМЈОДЕЛЦИ/ХОНОРАРЦИ КОИ ИЗЈАВИЛЕ ДЕКА КОВИД -19 КРИЗАТА ВЛИЈАЕЛА НА НИВНАТА МОЖНОСТ ДА ГИ ПЛАСИРААТ / ПРОДАДАТ НИВНИТЕ ПРОИЗВОДИ / УСЛУГИ**




База: 91 испитаник

ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА
PROGRAMI PËR MBËSHTETJE PARLAMENTARE
PARLIAMENT SUPPORT PROGRAMME

# ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

## Q16. Како влијаеше ширењето на КОВИД-19 врз Вашиот бизнис?

САМОВРАБОТЕНИ ЖЕНИ, СОПСТВЕНИЧКИ НА БИЗНИС/ ЗЕМЈОДЕЛЦИ/ХОНОРАРЦИ
И ЖЕНИ КОИ СЕ НЕФОРМАЛНО ВРАБОТЕНИ




База: 322 испитаници

# ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

**Q17. Дали Вашиот бизнис е формално регистриран?**

**Q18. Дали би го регистрирале бизнисот доколку знаете дека Владата нуди мерки/помош за да им помогне на официјалните (регистрираните) бизниси?**

**САМОВРАБОТЕНИ ЖЕНИ / СОПСТВЕНИЦИ НА БИЗНИС/ ЗЕМЈОДЕЛЦИ/ ХОНОРАРЦИ И ЖЕНИ КОИ СЕ НЕФОРМАЛНО ВРАБОТЕНИ**




База: 322 испитаници

**57% САМОВРАБОТЕНИ ЖЕНИ / СОПСТВЕНИЦИ НА БИЗНИС/ ЗЕМЈОДЕЛЦИ/ ХОНОРАРЦИ И ЖЕНИ КОИ СЕ НЕФОРМАЛНО ВРАБОТЕНИ ИЛИ ЧИИ ШТО БИЗНИСИ НЕ СЕ ФОРМАЛНО РЕГИСТРИРАНИ**




База: 184 испитаници

# ФИНАНСИСКИ ПОСЛЕДИЦИ

## Q19. Каде ја гледате Вашата иднина во однос на вработувањето?

**СТУДЕНТКИ, НЕВРАБОТЕНИ ЖЕНИ КОИ БАРААТ РАБОТА И И ЖЕНИ КОИ СЕ НЕФОРМАЛНО ВРАБОТЕНИ**




База: 362 испитаници

# V. КОРИСТЕЊЕ НА ПОМОШ / ФИНАНСИСКИ МЕРКИ

ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME

# КОРИСТЕЊЕ ПОМОШ / ФИНАНСИСКИ МЕРКИ

**НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК**

**Q21. Дали во изминатите 6 месеци во Вашето домаќинство сте користеле било каква помош / финансиска мерка / социјална помош или помош поврзана со Вашата работа (од почетокот на КОВИД-19 кризата)?**




БАЗА: 1100 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.95

# КОРИСТЕЊЕ ПОМОШ / ФИНАНСИСКИ МЕРКИ

НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК

**Q23а. Според Вас, дали помошта беше доволна?**
**Q24. Дали оваа помош беше лесно достапна?**

**20% ОД ГРАЃАНИТЕ КОИ КОРИСТЕЛЕ ПОМОШ/ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД ПОЧЕТОКОТ НА КОВИД 19 КРИЗАТА**




База: 230 испитаници




База: 230 испитаници

# Северна Македонија: Влијанието на КОВИД-19 пандемијата кај жени и девојки
## Наоди од телефонско истражување

**83%** Повеќето од жените се многу или донекаде загрижени за економските последици на КОВИД-19 кризата во земјата

**35%** ја оценуваат нивната финансиска состојба во изминатите шест месеци како полоша

**20%** користеле некаков вид помош, финасиска мерка, социјална помош или помош поврзана со нивната работа од почетокот на КОВИД-19 кризата




КОВИД-19 кризата влијаела врз можноста кај повеќе од половина од жените (самовработени, имаат сопствени бизниси, земјоделци или хонорарци) да ги продадат нивните производи или услуги на пазарот

Намалувањето на продажбата најмногу се должи на намалениот број на клиенти (страв кај клиентите) и намалена побарувачка на производот / услугата на пазарот

ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА
PROGRAMI PËR MBËSHTETJE PARLAMENTARE
PARLIAMENT SUPPORT PROGRAMME

# VI. ГРИЖА ЗА ДЕЦА И ПОСТАРИ ЛИЦА/ ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME

**НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК**

# ГРИЖА ЗА ДЕЦАТА ВО ДОМАЌИНСТВОТО

**Q28. Дали Вие лично поминувате повеќе време грижејќи се за Вашите деца отколку пред КОВИД-19 кризата?**

**40% ОД ГРАЃАНИТЕ КОИ ИМААТ ДЕЦА ПОД 18 ГОДИНИ ВО ДОМАЌИНСТВОТО**







База: 439 (испитаници)

# ГРИЖА ЗА ПОСТАРИ ЛИЦА / ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Q29. Дали во Вашето домаќинство има постари лица / лица со попреченост?**

**Q30. Дали Вие лично поминувате повеќе време грижејќи се за постарите лица / лица со попреченост отколку пред КОВИД -19 кризата?**




БАЗА: 1100 (сите испитаници)
Маргина на грешка ± 2.95

**24% ОД ГРАЃАНИТЕ КОИ ЖИВЕАТ СО ПОСТАРИ ЛИЦА / ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ**




БАЗА: 259 (домаќинства со постари лица / лица со попреченост)

ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА
PROGRAMI PËR MBËSHTETJE PARLAMENTARE
PARLIAMENT SUPPORT PROGRAMME

# РАБОТНИ ОБВРСКИ ВО ДОМАЌИНСТВОТО

НАЦИОНАЛНО РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК

## Q31. Кој поминува НАЈМНОГУ ВРЕМЕ правејќи ги следните работи во Вашето домаќинство во последните 6 месеци?




СПОРЕД НАЦИОНАЛНОСТ




